СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ,
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

РАСТ

26

2022

РАСТ

Списание за книжевност, уметност и култура

Број 26

Р А С Т

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Издавач:
Битолски книжевен круг – Битола

За издавачот
Елизабета Јончиќ, претседател

Редакција:
проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
главен и одговорен уредник
Елизабета Јончиќ, уредник
Милица Димитријовска-Радевска, уредник

Мислењата што се изразени во „Раст“ им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата, на Битолскиот книжевен круг-Битола и на Министерството за култура на РСМ .

ISSN 1409 – 9330
УДК 82+7+008
Година 21, Број 26
Битола, јуни 2022 г.

www.bkk-pisateli.mk
rastbkk@gmail.com

Списанието „Раст“ излегува со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Северна Македонија

GROWTH

JOURNAL OF LITERATURE, ART AND CULTURE

No. 26

GROWTH

JOURNAL OF LITERATURE, ART AND CULTURE

Publisher:
Association of Writers "Bitola Literary Circle" - Bitola

About the publisher:
Elizabeta Jonchikj, president

Editorial:
Full prof. d-r Daniela Andonovska-Trajkovska, editor in chief,
Elizabeta Jonchikj, editor
Milica Dimitrijovska-Radevska, editor

Opinions and views expressed in „Growth" belong to the authors and do not reflect the views of the Editorial board, the Publisher or the Ministry of Culture of Republic of North Macedonia

ISSN 1409 – 9330
UDC 82+7+008
Vol. 21
No. 26
Bitola, June 2022

www.bkk-pisateli.mk
rastbkk@gmail.com

This issue of the Journal is financially supported by the Ministry of Culture of Republic of North Macedonia

ПРЕДГОВОР

Списанието за книжевност, уметност и култура „Раст“ бележи раст и во обем и во квалитет последниве дваесетина години и веќе е препознатливо по својата содржина и концептуална поставеност, по дизајнот и по рубриката Книжевен мозаик во која се објавуваат значајни книжевници од светот во препев и превод на македонски јазик. Во овој број, застапени се 29 македонски и 37 странски автори од 30 земји од светот и тоа од: Франција, Кина, Романија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Италија, Шпанија, САД, Холандија, Западен Бенгал (Индија), Полска, Србија, Црна Гора, Белгија, Албанија, Украина, Бангладеш, Доминиканска Република, Никарагва, Австрија, Колумбија, Мексико, Уругвај, Исланд, Иран, Сицилија, Словачка, Словенија и Чиле. Како и минатата година, така и сега, корицата на списанието е дизајнирана со слика од познатата сликарка Симонида Филипова Китановска.

Изразуваме искрена благодарност до авторите кои се застапени во овој број на списанието за нивното творештво, но и за довербата која ни ја укажуваат при испраќањето на свои прилози од областа на книжевноста верувајќи дека токму ние ќе успееме да ја доближиме уметноста што ја создаваат до читателската публика. Голема благодарност и до нашите пријатели, поети, преведувачи – соработници и за испратените прилози и за обезбедениот превод или препев на македонски јазик (Марија Бежановска, Силвана Нешковска, Весна Мундишевска-Велјановска и Борче Панов). Посебна благодарност до светскиот поет, преведувач, уредник и издавач Жермен Дрогенброт и неговите соработници од цел свет за остварената соработка со списанието „Point Editions“ (Белгија-Шпанија) во чии рамки се преведува и објавува поезија на над 30 светски јазици. Дел од таа поезија е вклучена и во овој број на списанието со ознака ITHACA во препев на Даниела Андоновска-Трајковска (песните се достапни и на вебстраницата на Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг“ во рамките на книжевниот блог (https://bkk-pisateli.mk/novosti/bkk-blog/). Дел од содржината на „Раст“ исто така е или ќе биде повремено објавувана на овој

книжевен блог. Списанието е достапно и во пдф-верзија на вебстраницата на БКК (https://bkk-pisateli.mk/rast-arhiva/).

Искрена благодарност упатуваме и до Министерството за култура на РСМ кое во изминатите децении редовно го поддржува и финансира списанието за книжевност, уметност и култура „Раст“ препознавајќи ја неговата вредност како проект од национално значење.

Битола, јуни 2022

Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
главен уредник на „Раст“

ПОЕЗИЈА

Раде СИЉАН

УДК 821.163.3-1

Што ќе речат нашите внуци

Што ќе речат нашите внуци
За нас и за нашите заблуди

Ги продадовте коњите
Уздите и потковиците

Ги загадивте изворите
Реките и езерата

Ги угаснавте старите фенери
На глуви уши спиете

Ни ги украдовте насмевките
И на кочија од сказни патувате

Ах, што ќе речат нашите внуци
За нас и за нашите заблуди

Го извалкавте образот
Ја испоганивте устата

Ги продадовте тапиите
Нѐ бележавте со пален знак

На провев нѐ оставивте
Ветрот да нѐ вее

Но што и да речат
И да преречат нашите внуци

Ние нема да им одговориме
Зашто во мумии ќе се претвориме

ЛАЖНИ ЗВУЦИ

Во напуштена куќа
Се вселила цела вселена

Создадена од лажни звуци
И невидливи бои

Во напуштена куќа
Црна руба ноќта плете

Утрото глас ќе прати
Но нема кој да го слушне

Во напуштена куќа
Нѐ подлажува сликата

Како последна скривница
На нашата самотија

КУЌА ОД СПОМЕНИ

Во куќа од спомени
Сонував игри без граници
И безимени тела што пловат
Во река без брегови

Но кога се разбудив
Ветрот на годините
Ги одвеа мислите мои

Не му верувај на сонот
Јавето ми рече

Така подобро ќе патуваш
По патот на идеалите

И ниту трезен
Ниту пијан
Како самотник ќе живееш
Во куќа од спомени

Никола МАЏИРОВ

УДК 821.163.3-1

Две месечини

Девојка се огледуваше
во провидните огради на градот.
Две месечини се населуваа во
нејзините очи додека со поглед
ги доближуваше краевите
на истражените светови.
Над неа сенките ткаеја мов врз
покривите на куќите,
под неа ендемските видови умираа
од осаменост.
Од длапката
меѓу нејзиниот колк и ребрата,
светлина секоја ноќ излегуваше.

НАДЕЖТА СЕ ИСКАЧУВАШЕ

Еднаш видов:
надежта се искачуваше по острите карпи,
а нашите очи се спуштаа по нејзината стварност.
Нашиот живот беше градина
што копнее по стапки,
кратко патување
во откачени вагони за спиење.
Еднаш видов:
се подмести прагот
за уморното тело на патникот,

дланка се спушти врз алиштата на столот,
птица слета врз правта на лустерот
барајќи внимание.
Една надеж
се искачуваше кон покривот на куќата
и никој не се разбуди да фрли камен по неа.

НИЕ НЕМАМЕ СОН

Заборавени се сите форми
за простување без допир.
Мислиме на утре,
хранејќи ги лебедите
со вчерашен леб. Од нашето сеќавање
ни потекува вода што ќе нахрани неколку
полиња со жито. Гледаме како дождот
совршено се повторува крадејќи
ја правта. Ние немаме сон,
не припаѓаме на ниту една ноќ
и ниту една свеќа не може да ги продолжи
нашите сенки низ ѕидините на ветрот.

ИГРАТА НА СОНОТ

Секој ден светот одново
го разместувавме:

планините овде ќе бидат,
градовите таму,
реките денес
во нашата соба ќе се влеат.

И утре пак сè од почеток.

Леталата на ова небо нека бидат,
примирјата таму.

Само ние во таа игра
бевме заборавани,
на исти места стравот
секој ден нè поставуваше -

во кутија од кибритчиња
бев спремен да заспијам,
ти во футрола од виолина.

Никола ИЛИЈОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Извадок од „Премолчено пладне“

[1]

студот е немир
што го гаси виното
во ноќта зимска

една мравка и јас,
одиме на југ
во блуз под месечина

тоа што не било
доаѓа во сонувана
игра на умот

пчела во лет
и една стара љубов
е заборавена

претпролетен дожд
раситнува облаци
во саботен џез

[1] Збирката хаику поезија „Премолчено пладне“ е добитник на наградата Книжевен круг за поезија за 2022 година (Битолски книжевен круг)

црно кафе. во
тишината на ноќта
погрешно време
илузија е сè
си помисли врабецот
пред да полета

скриена вистина
можеби сонуваме
кога љубиме

еден мачор слуша
блуз од старото радио
паѓа тивок дожд

ноќ е, ти и јас
пак ќе согоруваме
во жар од желби

галеби
на кеј
со мислите сум таму
Охридско Езеро

летам во сомнеж
вистината е лага
о, долго паѓам

самотијата
е немирно време
што фрла сенки

зборуваше и
тишината во мигот
на возбудата

ноќна музика
песната на врабецот
издолжено ехо

и кога молчам
пишувам гласно, рече
стихотворецот

утринско радио
одново работен ден
колку сме сами?

полноќен шепот
љубов на далечина
празен телефон

Петар НАНЕВСКИ

УДК 821.163.3-1

Време што трае

ОД ТЕБЕ

Ветерот не знае да ги мрси косите
Повеќе од тебе

Сонцето не знае да пече
Повеќе од тебе

Само клупата знае да чека
Повеќе од твоето пристигнување.

НАСМЕВ ДАЛЕЧИНА

Насмев далечина небо сиво
Некому дадов од мојот живот

Ѝ реков слушај сливата збори
А таа во гради нешто ми гори

По патот на кола жнеари јават
Девојко, што да ти правам.

НА ПТИЧЈИ КРИЛА

На птичји крила ми остана патот
За оганче нејзе огнови ѝ вратив

Истекоа се стопија кулите-снегови
Од очите паднаа бремиња брегови

А врват коли со години товарени
Со тебе сѐ е живо остварено.

ПОРАКА

Со ветрот тивка порака ми прати
Небото остави писмо од ѕвезди запалено
И се растопи во црвена боја

Рече дека ќе се врати -
Кршејќи ги прстите во убави букви мали
И дека долго ќе остане моја.

НИЗ ПРЕСТРЕЛКИТЕ НА АМОР

Со почетокот јасминот го носи и крајот
Црвените јасници сликаат дамар

Врвејќи со сите промени на сјајот
Вечност сме низ престрелките на Амор.

ТАНГЕНТИ

Топол насмев патем сношти фатив
- не разбирам рече
И јас не сфатив

Од шепоти потоа се отвори смев
- кога ме сакаше
Дали искрен бев.

ТАА НЕ ЗНАЕ

Не знае колку е убава
Поубава од пролетта рана

Не знае колку е бела
Побела од белото пладневие

Не знае колку е висока
Повисока од своето сакање.

ПОЛЕТО ГОРИ

По патот сретнав траги од жени
Но дувна ветрец и леко ги крена

Пред мене копи питома срма
Сами сме сами со месецот првен

Напред пред нас хоризонтот врви
Полето гори јас сум црвен.

ДОБРОУТРО

Доброутро во сретот ѝ реков
Низ полјанката отворена преку

Таа доброутро како мугра прва
Насмевот ѝ стана убав исток црвен

Во водите пред нас некој камен фрли
Преплашено почна да ме грли.

КОГА ВЕТЕРОТ

Кога ветерот чука на џамот
Мислам Ти ме довикуваш

Кога лајат кучињата
Мислам до мене се дебнеш

Кога ќе погледнам кон сливата
Мислам Ти ме очекуваш.

Трајче КАЦАРОВ

УДК 821.163.3-1

Голиот живот (извадок)

***
„Имаш бомба во устата!“
Некој од некаде
Го предупредува голиот живот:
„Не, имам огледало пред носот“
Му возвраќа голиот живот
Повторно и повторно истиот глас
Повторно и повторно, голиот живот
Некому треба да му се верува

***
Голиот живот
Го искачува голиот рид
Голиот рид
Му помага во искачувањето
Ништо необично
Ниту во чекорењето
Ниту во ридот
А некој се заморува
Оти мисли

***
Срамот сигурен во себе
Му се претставува на голиот живот
Во истиот миг
На рамото на голиот живот
Ситни птици прават гнездо
Сѐ се одвива со иста брзина

***

Голиот живот
Секогаш знае колку е часот
На времето тоа не му годи
Се жали на просторот
И сè станува јасно
И ништо не е засекогаш

***

На голата вода, голиот рид
И голиот живот
На свој начин распојасени
Им се приближува пустото поле

„На ти ѓаволе нози, ако си без нози!“
Од некаде доаѓа гласот
На износените чевли.

***

Голиот живот го стави
Голиот задник на местото
На голата глава
И обратно
Никој не поверува
Во таквата комбинација
Дури ни голиот живот

Некој тоа сака да го направи
Со левиот и десниот џеб

****

„Би убил ли?“ –прашува
 животот во изобилство
„Кого да убијам?“- прашува
голиот живот
„На кого ќе помислиш.“-додава
животот во изобилство
А од клунот на птицата грабливка
Паѓа уво што понатаму
Не сака да слуша.

****

Голиот живот е љубов
Тој знае дека е љубов
Тоа е единствената амајлија
Што ја има и што ја носи
А некои ранети птици
Сакаат да го попречат во вербата
И тоа е сè.

Гордана СТОЈАНОСКА

УДК 821.163.3-1

Синот на перото

На Радован П. Цветковски (1931-2022)

Се случува понекогаш да има времиња
во кои се палат сите ѕвезди
и никнуваат сите семиња
во кои убавиот збор се гнезди.

Се случува одеднаш сите реки да стечат
и секоја капка за убавина да збори,
и сите ливади цвеќе да облечат,
се случува обзорот за слава да гори.

Се случува да се разбудат сите вулкани
и сета жар на создавањето, цел пламен
во нивните силни срца збрани,
да го оживеат од мртов и студен камен.

Се случува виножитата небаре рајски птици
во една душа да слетаат сите
и сите шуми да ги научат сите јазици
за да ги шумолат на тишината тајните.

Во тие времиња се раѓаат џинови,
со мисла јасна како летна зора
на перото моќно тие се синови,
капка амброзија во златна амфора.

Тие носат дождови плодородни во пустините,
со воздишката во стихот ги топат ледниците,
и со сонце ги преплашуваат темнините,
ги раскрстуваат крстосниците, ги надминуваат границите.

Се случува да има времиња во кои чекорат меѓу нас
и со нас да го делат и пехарот и крстот и зборот,
се случува да ни бидат блиску во секој час,
за радоста круна, за тага утеха, лек за бигорот.

И со тебе драг поету, го живееме истото време,
делиме исто небо, иста голтка вода, ист сон,
со тебе заедно се подвиткуваме под исто бреме
истиот го трчаме животен маратон.

И потрагата ја делиме, по зборот...
По оној најубавиот – непреболот.
По оној најсветлиот - непрегорот.
По оној најтешкиот – непокорот...

СЛАВА НА ПОЕТОТ

На Панде Манојлов (1948 - 2020)

Често помислувам на тебе пријателе драг,
што дом ти е сега сводот највисок,
кога се реши да го пречекориш тој праг,
срцето го плашеше на ветриштата писок.

Небаре те видов, со одлучен и цврст чекор
како кон небото облаците ги минеш,
без заврТување, без каење, без никаков прекор,
последната страница од книгата ја кинеш...

Беше време на болка, време на тага,
на осаменост и на себезапрашување
и цела вера на човештвото на вага
ставена, време на кобно очекување.

И таа неправда вселенска ми попари жили,
зар само така големините ги снемува?
Зар толку лесно си заминуваат луѓето мили?
Ги голта заборавот во ноќта темна и глува...

Но јас знам каде престојува твојот жар,
и каде остана со нас твојата душа,
во кој простор ти стоиш ко вечен стражар
и твојот глас јасен се уште се слуша.

И на твоите книги ги отворам страниците,
го читам низот на убавина што плени,
ги бришам меѓу смртта и животот границите
со зборовите, твои и мои, како факли запалени.

Зашто отсекогаш зборовите биле оружјето твое
и твое кормило на коработ што броди
и сеуште зборовите се и оружјето мое,
како трага од трошки леб низ живот што води.

Зоран ПЕЈКОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Седмиот ден

Најголемото чудо на создавањето
со вдахнување и на зрно топол здив
била љубовта на Создателот
Адам да биде господар на светот.

Останало уште нешто
во приказната на светот
што не го успокоило Создателот,
да отпочине на седмиот ден.

Се досетил на најубавата круна
за господарот на најголемото царство
и од сите свои блескави драгоцености
од златните зрна љубов и милост
почнал да обликува совршено тело,
со топлината на сопствениот здив.

Ги позајмил убавините на светлината
и лесниот чекор на Ангелите,
месечевиот блесок во погледот,
магијата на ноќта во соништа,
и сета сила на инспирацијата,
на истекот на времето.

Кога се разделило
небото од земјата,
и со најголемото чудо на универзумот,
се зачнал и првиот грев,
првото искушение за безгрешниот Адам,
кој избрал самиот себе да си суди,

откако засекогаш се затворил
седмиот ден на Создавањето.

ПОСЛЕДНАТА ИСКРА НА СВЕТОСТА

Условните рефлекси
на благодатните восхити
безусловно си постојат
на чекор до погрешен чекор.

Можеби не требало
да се додаде последната искра,
последното итро зрнце во денот
што би можела да го запали светот?!

Кога го добила своето совршено тело
недостасувало светлина за толку убавина,
и Создателот плиснал млаз од пламен
да зачне повеќе љубов,
за да ја постави рамнотежата
меѓу земјата и самиот себе.

КУРШУМОТ НА УБАВИНАТА

Не затемнувај го огледалото,
не затворај ја светлината,
тој извор не пресушува.

Убавината нема само една боја
само еден слој сребрена патина!

Убавината нема корен
во некоја црна темнина,

цути од пролетни дождови
од сончевината собира
полен и нектар,
и го закрепнува животот
со енергијата на радоста,
отворена врата на небесата,
постојано напната
за нова ерупција.

Ако не се почитува силата
куршумот на убавината
нема никого да убие,
ама тешко на оној
кој ќе го преживее
оловниот дожд
на големата вселенска бура,
во јадрото на љубовта
најголемата тајна
на убавината на жената.

Звонко ТАНЕСКИ

УДК 821.163.3-1

Отпушоците ќе станат преку ноќ нови цигари

Отпушоците ќе станат преку ноќ нови цигари
младината предвреме отидена во пензија
ќе се засити од чадот во кој ќе си ја дошмркува амбицијата
новиот свет ќе се спрпелка во забревтаната нишалка на сонот

Отпушоците ќе станат преку ноќ нови цигари
сите млади жени што личат на лотки
веќе нема да гласаат на штотуку завршените избори
стравот ќе им оди зад петиците и ќе флертува со нивните сенки

Отпушоците ќе станат преку ноќ нови цигари
нас потоа ќе нѐ натоварат на двоколка од која редовно ќе скокаме опиени од фујарата на еден слепец
за да одиме на нозе напред удирајќи по газињата на девојките пред себе

Отпушоците ќе станат преку ноќ нови цигари
птиците без јато ќе мафтаат со личните карти на ангелите без дозвола за престој
по ѕидовите низ градот насекаде ќе се испише тишината
на влезот од возовите – пушачите ќе почнат страсно да ги штедат новите цигари

Томе ВЕЛКОВ

УДК 821.163.3-1

Мисли

Ги читам стиховите
Со мирис на печатарска боја
Книги полегнати околу мене
Дар од саканите автори

Тргнувам
Пеш по воздушна линија
Со Политички коректна поезија
Стигнувам
На работ на светот
Ќе фатит бран
И Ќе ми биде жал
За годините што профучеа
За Небесните разговори
И Компјутерската поезија
Во Тиркизното лето

Ги читам стиховите за
Украдени стапалки
На Градот вдовец
Се сместувам во
Временска капсула
Во Свет на Опколено време
И живеам во
Порабен сон
Јас, дојденец во Скопје
Да ја украдам
Тајната
На камчето што е
Вечност

На Јужниот ветер
Од мојата младост.
Да можев тогаш Жолтите сеќавања
Да ги претворам во сегашност
(немаше да пишувам на
Пост-рестант)
Ќе си испраќавме
Смс-пораки и бакнежи
И ќе бевме среќни
А се вљубивме во време на невреме.

ЗАРОБЕНА ДУША

Ноќта кога запалија свеќа
И се помолија за среќа
Знаев дека волци ќе вијат пак

На покривот подземен ветер ќе татни
Мојот дух пак ќе се прекројува
Разјаден од ветровите на неправдата
И од желбите на грабливците

Ќе го фатам патот на горчината
На раскрсницата без патоказ
Ако воопшто стасам до светлоста
Или ќе купам уште еден ден
За да не исчезнам од овој свет

Долг е синџирот на воздишките по светлината
На Брестовите опеани, на желбите одлеани

Се плашам да мислам што после ќе дојде
Дали некој ќе ми го прекрои дворот
Или ќе го посипа патот со боцки

Дали кучиња ќе ме лајат

Ја загревам тишината на најјако
Да се чуе на далеку
Меѓу липите и ведите
Но не сум пчела да можам да се вратам
И да видам дали светлината
Ги закопала маааните
За спасот на сувите дрвја.

МОИТЕ СТИХОВИ

Сеуште никој нѐ им зел мерка
На моите стихови
За да ме исплеска како шницла
Со дрвен чекан
И да ме зготви зад решетки
На минус 20

Очигледно никој од Удба
Не ги прочитал убавите вести
(Во педесет и седум пеења)
За блескавите успеси на тоталитарните
Управители со неограничена неодговорност

Некои не разбраа дека се вртиме во круг
И дека радоста е затворена

Мене не ми беше тешко
Да си го најдам патот
Зашто во молекулите на мојата ДНК
Е запишано сѐ од праисторијата
Во еден мал чип
Подарок од Создателот

Михајло СВИДЕРСКИ

УДК 821.163.3-1

Лице

Ти ништо не бараш
ништо не посакуваш
по ништо не копнееш
и ништо не ти е потребно
Самата ти си сѐ
и меч и оган
и дожд
и простување
Што си ти?
И какво ти е лицето?
Светлина.

ПОТОП

И јас
допловувам до Арарат
се качувам по Абарим
одам по пустините на Египет
ќе го поминам и Содом
без да погледнам во жена

твојот глас е над водите
дај ми знак
за да стигнам кај тебе
како патник

ЧУДА

Понекогаш ја кревам планината
и ја фрлам в море
друг пат од неа не можам да подигнам
ниту едно камче

Има денови кога
одам по водата
има и такви кога
мислата ќе ме прелаже и
ќе потонам

и од солзна капка
може да се удавам

Елизабета ЈОНЧИЌ

УДК 821.163.3-1

Трпеливост

Станувам сведок на трпеливо време
во него,
крстот добива друга форма,
Плитката вода тоне длабоко
сомилоста е туѓа на човечноста,
честа се сквернави со понизност
се грабаат сите вредности.
часовникот е принуден
Со отстапка на временското кормило
да поднесе оставка безволно.
станувам сведок на трпеливо време
во него,
децата раѓаат родители
Воздухот е на црната берза
народот зборува со измешани јазици
подземјето владее под бело знаме,
и новата врева е тишина.
јазикот е голтнат во груба муцка
Само кадифена душа ги запира сите потопи.

САМОТНОСТ

Самотност,
горешто ме примами на твојот остров.
Го спасувам изминатото време
а тоа,
жестоко раскопува во срцевиот рудник.
Самотност,

распенавена слана врз слабокрвната црвена течност
се склупчила таму.
Самотност,
се провнав низ твојата клучалка
таму
озлобената среќа ја прекаса мислата пред сонцето.
Тогаш
сонот паспал се стори
губејќи ја битката за моите очи.
Фатена во склупците на вистината
јас копнеам за парче среќа.

БЕЗИМЕНИОТ

Соголен од најлукавата измама,
Безимениот ја собра дивата мудрост
животински порив му скрцка низ заби,
призракот му проповедаше лудост
острите канџи разжеравија студена скрама,
опачината кон најтешка казна зграби
разбиените гласови залебдеа на зракот.
погледнувајќи ги зборовите пресечени надве.
Безимениот го наостри жилото
Убодот спремно го чекаше бесот
и страшна беше неговата мисла,
и ревот негов ѕвечкаше луто,
зар лудост е добрината моја та да ја сотрам?
справедливоста нема ли име та измама стана?

ЗЕЛЕНИ ЦВЕТОВИ

Мојот рај процветува во декември...
Заедно со првиот снег
Заедно со сланата и првиот мраз.
И тогаш
во ливадата на совеста
дишат зелени цветови.
Ги преполовува грижата што гребе во душата
со засеци остри.
Змејот е ранет.
Снегулки,
жестоки камикази
се борат со неговиот здив.
Смалената сила на изблуениот оган
лакомо ја гаси жедта
играјќи со мраз.
Зелени цветови и бел оган.
Таква е мојата пролет.

Адем АБДУЛАХУ

УДК 821.18(497.7)-18

Копнеж по далечината

Копнеж по далечината тече по вените,
како една посакувана доба бесконечна
ја повикува желбата и хоризонтот.

Пролетта предничи на расцутениот
пат на сината зора,
расцутеното цвеќе мириса на љубовта.

На седмиот кат небесен
чека една нејзина плоча
со вжарена надеж за една љубов.

Деновите, ноќите, се менуваат взаемно
како доцните магли на влажната есен,
на пат и грч за една љубов.

НИЗ НАШЕТО ВРЕМЕ

Миговите поминати низ нашето време
ставаат акцент на нешто убаво и возвишено,
само рајски свет такво нешто може да опишува.

Така сѐ се менува и добива мирис на топлина,
на нешто како тиркиз во една пролет.

Заедно со љубов да градиме цветна градина.
Така со преплетени цветови.
Една до друга ниедна без друга.

Сега е мигот наш возвишен,
мило милосно да се галиме рајски,
како во бајките со бескрајно зеленило.

Ајде душо, така е кажано можеби!
Меѓу нас да има љубов ангелска.

Можеби токму сега,
нашата душа возвишена
чувствува мирис на прегратка,
галење и возвишеност небесна.

КОЈ РЕЧЕ

Кој рече дека црвените цензори умираа
заедно со своите жртви?
Не! Не умреле, пожолтиле,
но лаежот од хиени им е повеќе од манија!
Кога и да затреба излегуваат во арената од хиени.
Дури напаѓаат и лавови кога стадото им е големо!
Напаѓаат сѐ кога се гладни
или ги фаќа стравот за опстанок!
Само и само муцката да ја турнаат во крма - мрша.
Уште пожестоки се кога им престанува ловот –
немаат кого да го нападнат,
бидејќи ова предвестува нивна смрт,
тогаш се јадат меѓу себе.
Кој рече дека црвените цензори денеска
немаат свои фосили секаде?!
Дејаствуваат поинаку, целта им е иста – хиенска.
Сакаат примат, лавов примат сакаат, но џабе им е,
хиени се, дејствуват во стадо – толпа, не како лавови.
Времето на црвенитет цензори е сменето,
модерирано, наводно,
во име на закони и прописи дејствуваат, удираат.

Но целта е сосема иста, приматот и лавот,
молчењето на лавот им треба,
така полесно го владеат теренот.
Хиените ниту го сакаат мирот, ниту љубат некого,
хаосот им е потребен и лаежот во стадо.
Сето друго го постигнат попосле.

Божин АНДОНОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Со моите очи урокливо се погледнав

Откако сонцето
се истегна врз мајскиот килим
како на батанија со весели бои,
а потоа ја спушти
и завесата на виножитото
од разлетаните поленови зрнца
разиграни од тивкото пролетно ветерче
со која го означи и крајот на денот –
си замина по зрели есенски плодови
на другата страна од планетата земја.

Мракот се вгнезди пополека,
а на ѕвезденото небо
над Селечка Планина,
полна месечина се роди
сребренесто сивкаст поглед
ја растерува темницата -
од исток кон запад
гледа светлината

Како на филмска лента -
пред мене играат слики од родното село,
Работливи раце се класат во полето
разбојот го ткае времето на мајка
часовникот на дедо Петко донесен од Франција
ги брои нејзините секунди

Тика така, тика така, тика така.
Младоста си го отчува својот патен билет
и заминува без да се сврти

Во мозаик се редат миговите
како калдрма што сите ја газат
и животот наш го отсликуваат.

Тика така, тика така, тика така
песочникот зрнцата си ги брои
и од рацете ги испушта миговите
без да осети

Луѓе ли се овие привиденија
што на карпава се искачуваат
и земја и трње
и кал и иње
и живот и смрт
и исток и запад
и еден лик стар
во мене зјапа

Со моите очи урокливо се погледнав
младоста се прекршува на мазната површина
и како старост ми се враќа

Едно огледало покриено со бел чаршав
Одговорот на моето прашање го крие

Ангела ФИЛОВСКА

УДК 821.163.3-1

Мрачна тага

Камењата се преклопуваат
врз симфонијата на здивот,
дозволувајќи ѝ да го попречи
нејзиниот последен пораз,
нејзиниот последен гол.
Скокотливи студени трпки
го преклопуваат нејзиниот срам,
а таа гледа низ сегашното минато,
но и во идното сега.
Страстни огнени зраци
светат низ нејзиното тело,
со нив ги насочува старите млади кон иднината стара.
Механичкиот маркетинг ги напушта нејзините мисли ранети и
ѝ дозволуваат да ги ослободи
погрешните одговори од осудата претепана до смрт.
И легна таа за да си ја одмори главата,
мирно и нечујно без глас
„Искрено се извинувам,
но дали би се разбудила уште еднаш, моја мрачна таго?“ – чу од никаде.
И не успеа, за последен пат,
да се проsевне пред да заспие ...

ПРОЗА

Димитрие ДУРАЦОВСКИ

УДК 821.163.3-32

Мебиусова лента

1.

Првпат се појави на 27 јули околу осум часот изутрината. Можеби беше моја грешка што тоа утро на работа дојдов толку рано. Сварив кафе и го прегледав утринскиот весник. Сé беше вообичаено: Иран-Ирак, Израел-ПЛО, фељтон, култура, спорт, стрип. Иако имам повремени екстрасистоли, го испив кафето, го оставив весникот настрана и зедов бели листови хартија со намера да пишувам есеј за Леонид Шејка. Погледнав на часовникот, беше осум и дваесет. Штотуку почнав да пишувам, некој чукна на вратата. Ја кренав главата и прашав: „Кој е?“ Бидејќи никој не одговори, отидов до вратата и ширум ја отворив. Пред вратата стоеше непознат млад човек. Ме гледаше право в очи, чудно, но не непријателски. Молчеше. Се вратив зад мојата работна маса, седнав во мекиот удобен стол кој ми влеваше самодоверба и го прашав што сака. Помислив дека ќе продолжи да молчи, но тој сепак прозборе. Рече дека сака да го разгледа Музејот и праша дали за тоа треба да се плати. Музејот беше затворен за посети веќе четири години, за тоа време вратив стотици посетители кои сакаа да ја разгледаат поставката. Не знам зошто, на овој му реков дека може и дека не треба ништо да плати. Иако во Музејот нема многу експонати, посетителот остана невообичаено долго, што на крај мене почна да ме нервира. Пред еден документ, кој беше напишан на грчки или на ерменски, остана цели десет минути. Најпосле ми здодеа да одам по него и слегов долу во канцеларијата, зедов една книга, но бев многу растревожен за да можам да читам. Си префрлував себеси што му дозволив на типот да го разгледа Музејот. Да го вратев, ќе си бев мирен, ќе си читав некоја книга или ќе го пишував есејот за Леонид Шејка. Размислував кој ли е тој, некако ми беше познат неговиот лик, неговата појава. Најпосле, кога веќе имав изгубено надеж, тој слезе, дојде до вратата на мојата канцеларија која беше отворена, ме

погледна и ми рече: "До гледање.„Здраво“, му реков јас, а во себе си помислив каков будала е овој кога наместо на плажа, по вака убаво време оди да разгледува музеи.

Откако си отиде, се обидов да се средам, ги прибрав растурените листови хартија и почнав да го пишувам есејот. Сакав да пишувам за религиозноста на Леонид Шејка и за неговото интегрално сликарство со акцент на неговиот космогониски знак Кадис. Околу еден часот напладне ја заклучив големата врата на Музејот и си отидов дома. На есејот работев уште еден час, бев задоволен од она што го напишав. Потоа читав од книгата на Елијаде, Свето и профано, а потоа во својот дневник (една голема црна тетратка) што секојдневно го водам, направив забелешки, што беше невообичаено бидејќи тоа го правев секогаш пред легнување. Но плашејќи се од заборав, настанот со чудниот посетител го забележав веднаш.

Размислував по направените забелешки и најчудно во сето тоа ми беше неговиот изглед. Ме потсетуваше на некого, но никако не можев да се сетам на кого.

2.

Првпат го видов на 27 јули околу осум часот утрото. Тоа утро се разбудив рано, па имав време да направам многу работи. Се напив кафе иако имам повремени екстрасистоли, го прелистав весникот, сé беше вообичаено. Бидејќи беше рано за излегување, зедов бели листови хартија со цел да пишувам есеј за Леонид Шејка. Напишав неколку редови, ги турнав настрана листовите, запалив цигара, тргнав неколкупати и ја изгаснав во талогот од испиеното кафе. Станав и излегов. Беше околу осум и дваесет кога се најдов пред Музејот. Големата врата беше отворена; знак дека внатре има некој. Влегов внимателно, дојдов до вратата на канцеларијата и чукнав. Однатре еден глас праша: „Кој е?“ Молчев. По малку вратата се отвори. Наспроти мене стоеше млад човек кого за првпат го гледав.

Ме погледна в очи, но ништо не рече. Се врати зад работната маса и седна на удобниот стол. Не се надевав дека ќе прозбори, но

тој ме изненади, ме праша што сакам. Му реков дека сакам да го разгледам Музејот и дали треба да платам.

Забележав дека малку се двоуми, но најпосле рече дека може и дека не се наплатува. Во Музејот нема многу предмети што би го задржале вниманието на посетителот, нема некои скапоцености да се чуваат, а тој сепак дојде по мене. Ме надгледуваше во чекор. Пред еден документ, иако воопшто не разбирав што пишува (беше напишан на грчки или ерменски) останав цели десет минути. Најпосле тој виде дека е глупаво да ме надгледува, се врати во својата канцеларија и ме остави сам. По малку време, бидејќи немаше што повеќе да се гледа, слегов и јас, дојдов до отворената врата на канцеларијата, го погледнав и му реков: „До гледање“. Си помислив колку е жалосно што тој мора да седи овде да го чува Музејот кога никој не го посетува, наместо да оди на плажа.

Излегов надвор, беше многу топло, ретките минувачи брзаа кон водите на езерото. Се вратив дома, во својата работна соба, ги прибрав растурените листови хартија и продолжив да го пишувам есејот. Сакав да пишувам за религиозноста на интегралното сликарство на Леонид Шејка, со посебен акцент на значењето на неговиот космогониски знак Кадис. Пишував околу еден час, потоа го читав Борхес и правев забелешки во дневникот што секојдневно го водам. Размислував по направените забелешки за средбата во Музејојт и најчудно во сето тоа ми беше неговиот изглед; ме потсетуваше на некого, но никако не можев да се сетам на кого.

3.

Мојот пријател Деспотов внимателно го слушаше моето раскажување за чудниот настан, без да ме прекинува. Кога завршив, прозборе: „Добро, што ти е тебе, двапати ми го кажуваш истото, еднаш си чувар на Музејот, а другпат посетител.“ Ме гледаше збунето, запали цигара и рече: „Премногу читаш окултна литература.“

Го погледнав сожалувачки, му се насмевнав и без поздрав си отидов дома. На мојата работна маса беа листовите хартија со започнатиот есеј за Леонид Шејка. Се зачудив кога во талогот кафе

видов изгасната цигара; има веќе седум години како престанав да пушам.

Зедов бела хартија во вид на лента, ја свиткав околу оската по должина, ги залепив краевите во вид на прстен. Тоа беше Мебиусова лента. Кружејќи по надворешната површина на лентата, ненадејно се преминува на внатрешната површина, се јавува еден бескрај во два правци каде што егзистираат паралелни светови, каде што владее една ужасна симетрија. Избезумен, наеднаш сфатив дека повеќе никогаш нема да бидам сам.

Петре ДИМОВСКИ

УДК 821.163.3-32

Само една идеја

Тоа беше во 1970 година. Повремено работев како таксист. Со такси возило. Бев студент и таксист. Тогаш немаше регистрирани таксисти. Ниту изразени побарувања за такси возила. Малкумина имаа потреба од такси служба.

Имаше двајца, тројца поредовни таксисти и со колите беа во кругот на автобуската станица во центарот на Битола. Најглавниот беше Бучко, со посебна приказна. Сметале дека е недисциплиниран на работа и сакале да го отстранат од претптијатието во кое работел, ама директорите никако не можеле да го спроведат тоа, да не паднат под удар на законот кој може да им го врати во претпријатието што ќе било голем удар за нивниот авторитет. Бил возач, ја возел државната волга, а волгите всушност беа само во државна сопственост. Во нив се возеа само директорите на претпријатијата. Ја искористил таа нивна нетрпеливост кон него и им поставил услов доброволно да ја напушти работата, ама со себе да си ја земе и волгата, зашто не можел да си го замисли животот без неа. Отпрвин директорите тоа го сфатиле како несериозно барање, но со време сфатиле дека тоа сепак е примамлива понуда. Стравот дека критиките за работата на претпријатието што доаѓале од страна на Бучко наоѓале сè поголем број приврзаници и опасноста дека тие поактивно може да се приклучат кон неговата страна нараснувал, со тоа и нивното продолжено директорување доаѓало во опасност. Така, Бучко доброволно ја напуштил работата, ама со себе си ја зел и волгата која и до тогаш ја возел само тој и се префрлил да обавува такси служба како зародиш на таа дејност во новото време.

Мене најчесто ме повикуваа и ми ги отстапуваа патувањата во пооддалечени делови од битолската околија каде патиштата се во изразито лоша состојба и тешко проодни за автомобил. Тие ги држеа попристапните места, пак надвор од градот, зашто тогаш сè уште немаше побарување за услуги низ градот, веројатно секому му беше

поприкладно да си ја одржува навиката каде што е потребно да стигне пешки. А всушност во тој период не постоеше ниту градски сообраќај. Во таквото време јас ѝ се приклучив на такси службата и бевме, бевме четворица. Бучко, еден од горните села, вратен од печалба и уште едниот ми е матен во сеќавањето, можеби поретко се јавуваше на собиралиштето од автобуската станица.

„Момче, има еден за патување во некое мариовско село, јас не би ја кршел таму волгата, ако те фаќа окото можеш да го однесеш, ако не, нека си пешачи самиот.“

Појдов на бензиската, што тука беше, во близина на автобуската, крај безистенот и наполнив гориво. Пресметката ја фаќав вака: полн резервоар конвертирано во 22 сомуни леб.

„Одам за Чаниште, ми вели човекот, дали го знаеш патот?“

„Јас не го знам, ама веројатно ти го знаеш“, му велам.

„Е како не ќе го знам јас кога од таму сум излезен! Навистина десетина години работев преку океанот, ама местото на родното огниште не се заборава.“

Патот до Новаци беше добар, џаде со дупки, автомобилот скока федерите ќе испукаат, ама го скротувам колку што е можно да се стори тоа за потивко да наслегнува и да искокнува од дупките. Натаму патот е веќе полош. Од Рапеш и не се издвојува пат по ридовите. Може да се избира каде што се пониски камењата, излезени од земјата, за да не настрадаат моторот, менувачот или резервоарот за гориво од долната страна.

Моторот брефта, одгласува, ридиштата одsвонуваат, стигнуваме до Длабок Дол.

„Ова е Длабок Дол“, рече човекот. „Го препознавам.“

Ама преку Длабок Дол ниту пешки не се преминува, навистина е длабок, издлабен од поројниците со засечени брегови.

„Со автомобилот доста е до тука“, му кажувам

„Како да стигнам до Чаниште“, вели човекот, „уште многу е далеку а куферот е тежок за носење на раце.“

„Јас ретко се откажувам од намерата“, му изнесов своја карактеристика на патникот, „само и ти ако ме поддржуваш за неоткажување.“

„Ако сум во можност“, рече искрено.

И го почнавме мојот план. Се зафативме да собираме камења и да наsидуваме премин. Два sида, во ширина на растојанието за тркалата.

„Да не ни е напразно оваа работа“, се посомнева човекот во остварливоста на иницијативата. „Да не појде автомобилот во долот, потоа никој од таму не ќе може да го извади! Размисли си, дете, мене не ме уверува планот за можен!“

„Сè е ризик“, му возвратив, не можејќи да му ја потврдам сигурната успешност на преземената активност. „Ќе возам крајно внимателно, ти ќе го следиш поместувањето на камењата!“

„Ќе го извадам од автомобилот“, рече. „Да не му тежи.“

Формата на зборовите беше изместена од суштината. Всушност мислата му беше да не се преврти колата во долот и да го сплеска куферот.

„Чекај“, извика, „еден камен се помести.“

Поместувањето на каменот го слезе тркалото во дупка и настојувањето за натамошно подвижување можеше да предизвика поместување на другите камења и да се случи одлизнување на колата од sидовите. Ја подигнав на дигалката за да го пополниме тој дел и така го преминавме Длабок Дол.

„Има ли и други длабоки долови“, го прашав патникот.

„Не, повеќе нема длабоки долови“, рече. „Зад следниот рид е Чаниште.“

„Тоа е првиот автомобил што влегува во селото“, рекоа мештаните. „Го препознаа својот соселанец и го изгушкаа.“

„Сега нема да те оставиме сам да се враќаш“, беа категорични. „Ќе дојдеме сите до Длабок Дол и ако треба на раце ќе го пренесеме автомобилот.“

Можеби таа поткрепа даде посигурно минување за назад.

***

Отседнати сме во кафеаната крај градот. Тука се сите таксисти. Како да било договорено собиралиште а не беше договорено. Само случајно.

Сите гости во кафеаната зборуваа за новата келнерка. Млада и убава, ја троши пијачката по масите. Не со своето присуство, само со својата сенка.

„Јас знам каде е“, рече еден од гостите во кафеаната.

Сите зркнаа во него, очекувајќи да ја открие тајната.

Кога тој стана, станаа и гостите, се испразни кафеаната, сите појдоа кон такси автомобилите.

Ние сме тројцата што дојдовме, со Јован и Китано.

„Јас ги знам“, рече Китано, „сега нејзиниот дечко е кај неа. Пијана работа, може да им направат проблем. Можеме другите да ги испревариме, чувствувам потреба да им помогнам.“

Куќата е блокирана од предната страна. Од задната страна е Китано. Јас и Јован сме во автомобилот. Чекаме. Не знаеме точно што ќе се случува, но алкохолот најверојатно ќе ја предизвика тепачката. Сите се лудо настрвени.

„Што му е намерата на Китано“, го барам одговорот од Јован.

„Сака некако да ја спаси девојката. Веројатно ќе се обидат незабележано да дојдат во автомобилот. Нејзиниот дечко му е другар. Наше е притаено да чекаме тука. Веројатно ќе се обиде да ги извлече за да избегаат. Ако успее. Со пијани луѓе ништо не е извесно.“

Во видикот од наша перспектива го имаме Китано. Предниот дел, каде што се случува гужвата, ни е засенет. На прозрачноста се забележува како од задната страна, каде што е Китано се отвора прозорецот и низ него искокнуваат две сенки. Со Китано трчаат кон нас.

Вратата од автомобилот ги чека отворена. Влегуваат брзо, исплашено подвикнуваат:

„Вози!“

Возам.

„Ако не фатат готови сме. Ве молам, спасете нè!“

Гласот на девојката ѝ трепери.

Се чу повикот од некој.

„Ја зедоа! Во онаа кола е.“

Колите брзо стартуваат, се полнат, тргнуваат.

„Што може побрзо! Што може побрзо, да им избегаме. Ќе настрадаме сите ако не дофатат! Ги знам нив! Добро ги знам!“

Сфаќам во што сме завлезени, ама Китано ни е пријател а тие на Китано пријатели. Таква задача ми е дадена.

Максимално забрзувам. Автомобилот ја има сета широчина од патот. Прелетува преку дупките. Кога прелетува преку нив, тие изгледаат поплитко издлабени.

Колите приближуваат. Стравот нараснува. Девојката ја опфаќа хистеричност. Тие по нас веќе станале гонители, не верува во можноста да им избегаме.

Имам идеја. Само една идеја. И сè ставам на неа.

Продолжувам да ја одржувам максималната брзина. Сега ризикот се зголемува од можен дефект на колата. Принуден застој. Од пукање на федер, експлодирање на гума… Прегревање.

Погледнувам на контролната табла. Брзината е висока, термостатот за ладилникот покажува стабилна состојба.

Брзината е голема. Влегувам во ризик. Ако во таа брзина се вклучам во патот за Породин,. Можноста да им оддалечиме во многу се зголемува. Сепак поднамалувам, а кога доаѓам на кривината за свртување притискам на педалата за гас за нагло забрзување. Напорот што го примаат тркалата задниот дел го потфрлува на страна и стабилноста е зголемена, а во внатрешноста се слуша удирањето на патниците во страницата, но молкот е целосен. Исчекуваат што ќе се случи. Автомобилот влегува во патот.

Забрзувам, светлата по мене заостануваат. Но набрзо сите се на линијата по нас. Приближувам до целта. Почнуваат кривини низ населено место а патот е еден. Само тој. Тоа треба да потпомогне за целта.

Кривина под прав агол. Од правиот агол излегува спротивен пат во дворот на задружна зграда. Ги гаснам светлата. Место под правиот агол десно, што е патот, свртувам лево, што е двор и во мракот се сокривам зад зградата.

Штотуку се појавуваат светлата од кривината и продолжуваат по кривината од правиот агол. Исчекувам сосема да се изгубат, кон другото џаде, но сè уште не влегувам во можен ризик светлата да

бидат активирани. Ги палам кога сум веќе во обратна насока на патот. Се враќаме назад. Завлегувам во една блага вдлабнатина која поприлично ја сокрива колата, ги изгаснувам светлата и разоткриваме што би се случувало натаму. А ако продолжам да возам постои опасност од далеку да ги забележат светлата, да нè блокираат од двете страни на патот и да нè пресретнат.

Го посматрам отворениот простор каде, по нивна претпоставка сме појдени. Се појавуваат осветлувањата на автомобилите. Нè пребаруваат по рамнината. Проверуваат по каналите. Го чешлаат просторот. Тоа трае долго во ноќта. Некои заминуваат. Забележуваме дека одат да наполнат гориво и се враќаат.

Детално го пребаруваат целиот простор на кој е претпоставката дека би можело да не има.

Во зорите се повлекуваат.

Наредниот ден во кафеаната настанал спор и ја затвориле.

Јована МАТЕВСКА АТАНАСОВА

УДК 821.163.3-32

Ампутација

[2]

Силното тропање врз шанкот, клисан од букова иверка, значеше само едно. Муштеријата повторно проголтал повеќе од што желудникот можеше да свари. И цвеќињата саксиски знаат кога им е доволно вода, но не и човекот. Вообичаено кафеанскиот куќен ред налагаше опиениот љубезно да се премисли од намерата до зори да му слугува на чоканчето. Но тоа не беше случај кога на шанкот ќе се испружеа осумте дебели прсти, што потсетуваа на скараџиски ќебапи. Ален, шанкерот, како да беше дипломирал на тој звук, штом тропнеше, тропотот му ги алармираше ушите, дека не е создаден од две полни дланки. Ќе насипеше без да праша, зашто овој муштерија со приоритет имаше истанчен вкус и кога би постоела унифицирана скала за алкохоличари би се наоѓал на границата помеѓу пијаница и боем-уличар.

Осумпрстниот имаше лице восочно, омлитавено, како отстоена слаткарска фигура обложена со марципан, некоја бушава верзија на фризурата на пупунец и освен што одбиваше со бурлескната појава на прв поглед, толку одбивноста ескалираше кога човек го запознаваше. Но поради експлозивниот нарав, веројатна дислокација на чувството за совест, одбивноста прераснуваше во присилна почит. Го чествуваа како градски патрон, иако имаше карактеристики на градска маскота. Но по сила никој не му се токмеше. Барем така раснеше митот со овој Дебарски Крали Марко.

Сотир беше свински грип, пандемична честичка која сееше страв. Од под стравот никнуваа кабадајски превраќања, но само зад негов грб и кога беа сигурни дека sверот не ги слуша. Затоа градот набрзо, особено 107 кафанските сокачиња, го направи рајска градина. Само за неговите стапала. Вињакот баздеше на шанкот,

[2] Извадок од книгата „Три во тринаесет“ која ја доби наградата Книжевен круг за проза за 2022 година (Битолски книжевен круг)

дури и винските мушички зашеметени одлетуваа во неповрат. Локалот беше наполу полн. Една масичка каде двајца камионџии, судејќи според исончаните трицепски навирени со ефтини ќибритни тетоважи веројатно стекнати за времето на ЈНА рокот, мезеа пифтија и скркаа од криглите пиво. Сомнително лице, потпрено на ѕидот од тоалетот, со показалецот го чистеше носот, додека друг, очигледен турист го одмина бришејќи си ги насапунетите дланки од бермудите. Сотир не претставуваше опасност за никој од нив. Барем не сѐ уште. На секој алкохолен дериват му беа потребни различни временски интервали да стаса до крвта. На црвеното вино три часа и пола литар, на ракијата два и пол часа и две чашки, а пивото се лизнуваше од грло директно низ мочен меур и често поминуваше незабележително меѓу црвенокрвните инспектори.

Ѕвончето над влезната врата се размрда. Цврккотот од неколкуте цилиндрични оргули и клопотарци проструи и ги натера пољубопитните да го проверат посетителот. Љубопитноста си ја засити само шанкерот Ален, тоа како да беше дел од критериумите на работодавачите при огласите за работа; шанкерот мора да биде градски и меѓуградски информатор, релијабилен сведок кога би се случила некаква незгода и да поседува одлични опсервациски способности.

Гостинот си го најде местото во најосамениот ќош од шанкот, десеттина метри подалеку од другиот гостин, осумпрстниот.

„За мене вотка. Дупла.“, во неговата нарачка имаше ситна гребнатинка на надмен тон, нешто кај овој гостин го издвојуваше од останатите. Шанкерот имаше диплома по индустриски менаџмент, но дефинитивно 108 незаверена магистратура по психологија. Ален реагираше молскавично на нарачката, посетителот ги набљудуваше неговите одмерени движења, кои безмалку навестуваа дека долго време му е верен на работната позиција.

„Претпоставувам, ги броиш деновите до заминување нели? Печалба. Подобри услови за егзистенција. Од служење пијаници не се живее.“

Ален претпазливо, дијагонално го погледна, мислејќи кон што цели дојденецот. Бараше ли потврда за својата претпоставка? Или едноставно сакаше да го размрда чворот околу грклановт? Од другата

страна на шанкот се вдаде осумпрстниот. Некои гласови потполно го дразнеа. Но излегувајќи од мракот со своето тромаво, а ластегарско тело, вишно колку стебло на врба, кога го здогледа дојденецот и погледите им се построија еден спроти друг, посиве.

Мртовечкиот тон му се всидри и меѓу белките. Зениците се проширија отворајќи го порталот кон пеколот. Полно црнило. Осумпрстниот првпат пријави симптоми на страв. И тоа го натера Ален да подзине. Набрзо направи уште нешто несвојствено за себе. Избега. Избега како опашката да му се запалила. Шанкерот не можеше да остане рамнодушен и пред да праша, дојденецот го претка. Маратонците го трчаат почесниот круг.

„Мој пациент. Поствоен синдром. 2001 никогаш да не се повтори. Не беше лесна ни за почвата, ни за луѓето. Најмалку за психата.“, очигледно беше дека дојденецот, по откритието-доктор, сакаше да биде распрашан за да ја продолжи приказната. Дури и за разговор некогаш е битна предиграта. 109 „ Овој човек, кој тука гласи како страв и трепет, се исплаши од својот доктор? Ве молам просветлете ме, какви инјекции користите за вака да излета низ вратата?“

Докторот туфна и се намести поудобно на високото столче од шанкот. „Му ја опколиле единицата. Живи ги запалиле, ги сквернавеле, дури телата им декомпозирале, врискале по своите мајки и сакани зашто и забите им ги ваделе. Кога е штета нека е оштета, злите умишта кројат. Овој се спасил. Ама сиот наврнат од крвна плазма и страв, се спуштил во селото. Масакарот го тргнал орозот од експлозивната направа што од раѓање ја носиме во глава и по која нѐ грдат и одликуваат. Сѐ уште заглавен во сценографијата од могилата убиени другари, го имал само пиштолот за со него да се поистоветува и да општи. Синдромот веќе се вгнездил. На првиот шум реагирал офанзивно. Иако беспричински. Решетал дури не 'рѓосала цевката, па и таа од умор се расцветала. Но...Расцветала од мака. Убиениот не бил непријателот, туку негов сограѓанин. Гледал со неверување, во епизодата што паранојата му ја оставила, во платното кое спружено му лежело пред нозете исфлекано од неколку невешти четки црвена темпера замачкани од негови дланки. И од тогаш го зел неговиот живот. Јас зедов живот, а мојот го

предадов, при секоја сеанса ми повторуваше. Човекот што го убил бил бељаџија. Маалски пијаница. Заколнат за вињакот. Ама иако бил тепач и непрокопсан, бил човек, татко и сопруг, син. И некому му недостигал. Безимен сум, бестелесен. Кој ќе жали за оваа вреќа коски, за овој панsур што без согласност и волја го пуштиле на фронт?

Си ги исекол палецот и показалецот и во делирична состојба, крварел, ама без бол, се пикнал во креветот на вдовицата на човекот што го отепал. Осумпрстниот. Тогаш полицијата го уапси и ние го хоспитализиравме. Пред 110 скоро го пуштивме. Држи кревет, а е дух. Безоспасен. Освен по себеси и сопствениот идентитет.“

Агитиран од напливот на алкохолот што низ устата се распливна како и инфузија во вените, продолжи малку погласно, па овој монолошки дијалог стана пријатен и за ушите на останатите. „Војна се римува со која? За која војна, за чија цел се откажуваме од нашите предиспозиции, сега во 21 век? Дезертирани сме за смртни гревови. Ни еден пекол не е понаселен од овој на Земјата.“

Ален никогаш не дозволуваше да биде сосема пристоен со пијаните соговорници само затоа што беа пијани. Сакаше да преземат заслуга за тоа што го зборуваат, зашто најчесто тогаш им излегуваше вистината низ усната шуплина. „Нели е неетички да ми прераскажеш медицински картон на пациент, на несреќен човек? Каде е дискрецијата?“

За миг застана и почна да ја преиспитува заклетвата и етиката. Испушти фурија со издивот. „Тој не е човек, барем не веќе. Сега е фантом. Силуета од јаглен на лист хартија. Бледа контура. Неоплоден толчник. Водена трага од стапала. Војната го изобличи. Го моделира во куршум подесен да цели кон себе. Самодеструктивен е.

Тој нема име. Ниту презиме. Живее на адресата на изгубено-најдено. Таму си ја кремирал и свеста и совеста.“

Ја испи во една голтка оставината од внатрешноста на чашата. Вотката речиси го засркна. Со приказната дотекла и 4 чашка. „Секој се бори во своја војна.“, тивко му дошепна, пресегајќи се над шанкот. Го изваде мобилниот телефон од џекетот, кој веќе ечеше и ги отвораше ширум ушните школки со вревата. 111

„Да мила. За скоро. Еве на работа малку нѐ задржаа. Не грижи се. Ти ветив. Ни капка повеќе.“

Лагите течеа спокојно и безгрижно небаре се вотката што уште до желудникот не му стасала. Ја собра актовката од столот и педантно ги остави парите. Бесшумно му крена рака.

Шанкерот ги преброи. Не оставил бакшиш. Ги крена веѓите и како ништо необично да не му ја растревожило психата, продолжи да ја полира работната површина. И тој водеше една своја војна. Да ги потиснува трагичните судбини што патниците овде ги оставаа. Заедно со своите отпечатоци на шанкот од букова иверка. Ги оставаа безгрижно, ненамерно. И речиси никогаш не заминуваа...

Гордана ЈОВИЌ-СТОЈКОВСКА

УДК 821.163.3-31(082.2)

Извадок од романот „Денот кога го изедовме Бога“

[3]

Беше тоа последна ноќ што со сестра ми ја пробдеавме на ова балканско поднебје. Знаев дека од сега со неа, сега Марија Комненовиќ, и со нејзината ќерка Хана ќе се среќавам по туѓи земји, и дека веројатно мојата Наѓа никогаш веќе нема да ги зачекори своите земји. Премногу би било ризично, си мислев. Никогаш не се знае, сакаше да ме утеши таа. Го мразеше мојот песимизам... Го мразев и јас, но секогаш беше до мене.

Нејзиниот бивш маж го употребил својот авторитет, многу пари и тегнење на старите врски и должници. Нивната документација беше комплетна. Девојчето се одзиваше на новото име, лесно го зборуваше српскиот јазик, се поправаше сама себеси, по секоја подолга реченица прашуваше дали добро изговорила; па како се вели ова, па како се изговара она; па зошто на српски нешто се изговара исто како на македонски, ама поинаку се слуша, а сестра ми ја викаше мама.

Чекајќи да полетаат првите авиони, Марија Комненовиќ ја учеше својата ќерка српски и француски, ја описменуваше и ја учеше на манири на малечка дама.

– Не ме гледај така – ми рече строго едно утро при појадокот. – Јас имам задача. Мора подготвени да влеземе во новиот живот, детето си е дете, но јас го направив својот избор.

– А бе, не само... не можам да смислам што да правам со себеси. Никако не ми успева да си ги средам мислите.

– Ќе испланираме. Ќе се гледаме. Сè уште мора да средат многу работи... – го погледна девојчето и одбегна да го спомне нејзиниот татко. – Важно е да не предизвикаме сомнеж. Кога на почеток ја

[3] Романот„Денот кога го изедовме Бога“ е добитник на наградата за книга на македонски јазик од странски автор за 2022 година (Битолски книжевен круг)

планиравме целава работа, Бране мислеше дека е потребно да те оставиме во потполно незнаење, додека да се среди сè. Само јас не можев да те оставам така. Ја напишав пораката во последен миг и му наредив да ти ја остави. Мислам дека треба да почнеш да тагуваш, да прифаќаш дека ме нема. Глуми, отсекогаш велеше дека глумата ти е втор живот. Јовановски е премачкан со сите бои, а има и голема мрежа на лични информатори.

Кој е оваа жена? Мојата сестра, моето сè? Можеби таа и е Марија, Мери, Мара, Мерјем или дури и Мирјам; богољубената морска капкичка, која со својата непослушност и сила ќе ја оплоди правдата фрлајќи се себеси во огорченост и тага.

Со прифаќање на тоа ново има како да отфрли некаква коприна од себе и разголи и обелодени друг лик.

– Мене непознат и нејасен, а толку мој што не можам да се разделам од него, а сосема свесно знам дека морам да го препуштам на светлината што се впила во него и зрачи, предупредувајќи опасно дека му припаѓа на некој друг свет.

А името, да, името има чудна моќ. Да завладее, да го води човека по патот на своето значење. Марија. Колку значења, колку знаменитости, а всушност, како и кај повеќето значајни, впечатливи нешта, правото значење, вистинското потекло никогаш не е разјаснето, па е препуштено на волјата на старите и новопечените нации и нивните беседници да си го присвојуваат и со божемни сведоштва да ги потврдуваат своите сознанија. Марија – познатата наука ова име би го сместила во добро осигурената корпа со грчко-латински облик, извлечен од хебрејскиот темел на зборот „мирјам“, кој може да се толкува како крупна, непослушна, но според мене, тоа име имало цел да искаже дека жената што ќе го понесе тоа име ќе биде крупна од плодност, но и доволно непослушна за да напредува, да создава, зашто само бог знае дека овој беден свет одамна ќе се раскостеше во гнилото мочуриште на застоената вода исполнета со мил и жабурина на незнаењето – да не го размрдуваа и придвижуваа тие непослушни жени.

Потоа тука е комбинаториката на толкување на египетското значење на зборот „мери“ – сакана, и „Јахве“ – божјото име, па тоа име навистина потполно ќе им одговараше на црковните служби, па

дури и на табуизирањата како што во времето на реформацијата во Шпанија се избегнувала употребата на ова име како крстено.

Толкувањето на учениот теолог од времето на царот Константин е романтично и повторно посега по хебрејското значење, па од зборот „мар“ – капкичка и „јам“ – море, се стекнува впечаток дека Марија е само возвишена, скапоцена, со песна оформена и со вдахновение окована капкичка море. Но за волја на вистината, јас не сум единствена што копа по имињата, ниту единствена што пишува сè и сешто, за сè и сенешто; има и други такви денгуби, како и некој си Абрахам Маистер, кој во средина на минатиот век објавил цела книга за значењата на библиските имиња, а новото име на мојата Наѓа го протолкувал во своите буричкања и светогледи како „горчина и тага“.

Жена, која ги руши сите закони, ги гази своите убедувања.

Не, некој да ме убедуваше пред неколку месеци дека мојата сестра може да стане оваа жена, немаше да верувам, слатко ќе се потсмевав. Уште помалку можев да поверувам во тоа колку јас не ја познавам мојата сестра, онаа што секогаш беше засолнета со словото на законот и ги смируваше сите мои побуни, убедувајќи ме дека правдата и правото секогаш ќе си го завршат своето.

Без име ема човек, името е идентификација, симбол, препознавање... Ја изгубив ли моја Наѓа за секогаш? Може ли Марија да биде моето сè, мојата сестра? Зарем името не е она што го донесуваме со себе, она што во склоп на искуственото секогаш се доближува, се прилепува и сраснува со нас како друго јас, како потврда на нас самите во постоењето, колку и да е беспредметно или безначајно. Како ќе живее мојата Наѓа како таа некојаси, непозната и далечна Марија?

Сепак и Наѓа. Име на надевањето. На она спасоносно човечко убедување дека утре има некоја друга боја, дека аријата ќе ги смени нотите и дека сонцето ќе засјае со нов сјај. Кој е мојата Наѓа, жената што си го остави мажот, а никогаш не го изгуби, сестрата што била блиска со Предраг и ѝ помагала на тетка ни, а мене ме остави во незнаење, она дете што не зазрало пред силата и стравот и кое собрало храброст да помисли „мој си“; моето сè, кое толку години

криеше толку нешта, и молчеше, и ме оставаше во некакви само мене познати замисли и слики.

Славица ДАБЕВСКА ЌИРОВСКА

УДК 821.163.3-32

Велики петок

Моите ги оставија донесените јајца во сребрената чинија која стоеше покрај главата на Исус Христос, Синот Божји. Почна баба ми да му ги бакнува нозете и челото, а ние со мајка ми ги повторувавме зборовите што ги изговараше. Се наведна уште еднаш и се поклони пред него, длабоко воздивна, се прекрсти и погледна нагоре, барајќи спас за мачителот. Се прекрстив и јас по неа. Една од жените со црни шамии која седеше и го средуваше креветот каде што лежеше нашиот страдалник ми подаде босилок и ме благослови.

- Маро, - ѝ се обрати на баба ми, - ами протни го детево за здравје.

Баба ми, ѝ ја подаде ташната на мајка ми и ја подигна долгата бела набрана и штиркана завеса со која беше ограден целиот кревет каде што се изведуваше верскиот обред.

- Ајде, дете бабино, протни се под креветот за здравје, и тоа ќе треба да го повториме трипати, ми објаснуваше.

Баба ми стоеше со кренатата завеса во рака и ме чекаше да го сторам она што го правеа и другите. Сето тоа ми делуваше страшно. Стоев здрвена, држејќи се поцврсто и поцврсто за баба ми. Таа забележа дека се плашам и ја спушти завесата. Турканицата пред креветот, кој побрзо да дојде и да се протне под него, сè повеќе и повеќе се зголемуваше, а ние стоевеме и не се мрдавме. Гледав дека скоро секое дете клекнува и се протнува под иконата на Исус Христос. Смогнав сила и ја пуштив баба ми од рака. Почувствува дека сум решила да го победам стравот. Клекнав и зачекорив под креветот. Под него затекнав уште неколку деца кои минуваа со мене и сите беа со насмевка на лицето. Тоа ме охрабри, знаев дека ќе бидам наградена со здравје. Направив само четири чекори и се најдов од другата страна на креветот. Кога излегов со поглед ги барав моите во таа огромна гужва. Исплашена лутав со погледот по

луѓето, само за да ги здогледам моите. Топлата нежна рака на мајка ми ја почувствував по рамото.

- Тука сме, детуле наше!

Насмевка се разлеа на моето лице. Го победив стравот и не чекав да ме прашаат дали сакам тоа да го повторам уште двапати, веќе се чувствував сигурна во себе.

- Ве молам чекајте ме овде!

Огромна радост видов во нивните очи, беа пресреќни што донесов таква одлука. Верувавме во тоа дека почитувањето на Божјите заповеди ќе ни донесе здравје и духовен мир.

Габриела СТОЈАНОСКА-СТАНОЕСКА

УДК 821.163.3-32

Јануари, новиот почеток...

Денес сме четиринаесетти јануари (имав намера да напишам две илјади и единаесетта година, но пишувајќи го буква по буква датумот четиринаесетти јануари, го слушам познатиот глас кој бавно ми диктира, слог по слог: „... ил-ја-да де-вет-сто-ти-ни и…“, сепак јас одлучно го прекинувам и врескам в ум: „Две илјади и единаесетта!“ и пишувам) две илјади и единаесетта година. (Иако текстот останува напишан по мое, ме поразува фактот дека тој глас, наспроти сите мои очекувања за него, живее во некое минато време. Во некое од минатите времиња. Истиот ме натера, пред еден месец, на само десетина дена пред доаѓањето на новата две илјади и единаесетта, да им посакам на другарчињата на мојот син, во честитките што ги пишував во негово име бидејќи тој сè уште не знае да пишува, да им се исполнат „сите желби и сè најубаво во две илјади и десетта година!“ Добро е што забележав пред да ги испратам, па ги прецртав со големо икс, му ги дадов да си игра со нив, а јас напишав нови.)

Денес сме четиринаесетти јануари две илјади и единаесетта година. (Како тоа „сме“? Денес е четиринаесетти јануари две илјади и единаесетта година, а не „сме“. Ние сме, а денес е. Е баш е така „ние сме“, а не „јас сум“, зашто очигледно јас не сум „јас“ туку „ние“. И не е проблемот во тоа што јас сум постојано ние, туку што тие „ние“ не можат да речат „сме“ оти не „се“ т.е. речиси никогаш не се во едно време. Што речиси? Речи: никогаш. Кога си забележала да бидат во исто време? И да биле, ти немаш забележано. Епа токму затоа не сум забележала, да биле во различно време сигурно ќе забележев. Добро, значи, тие т.е. ние никогаш не сме во исто време. Оф, како не сме, еве во негацијата на презентот ние сме заедно, читај уште еднаш „никогаш не сме во исто време.“ Остави ја граматиката и јазикот, гледај ја фактичката состојба на искуствената реалност. Се заморив, тоа е реалноста.

Денес е четиринаесетти јануари две илјади и единаесетта година. Така е. После? Еден од почетните денови на почетниот месец од новата година. Да, браво. И време е за почеток. Време е да се почне. Зарем? Почнуваш ти секој ден веќе четиринаесет дена, но никако да почнеш. Не те слушам. Почетокот на годината е идеално време за преобразба на себеси. Тогаш целиот космос е на твоја страна... Уште и ти самата да си на своја. Тогаш целиот космос е на страната на промената. Или преродбата. Аха, ренесанса, преродбеничке моја. Труд ти е името. Трут ти е името. Трујачка си ти.

Денес е четиринаесетти јануари две илјади и единаесетта година. Пак од почеток? Нема проблем, мене ми е забавно. И не ми се брза. Го имам сето време на сите светови. Денес мора да го напишам расказот. Ќе го напишеш. Нема потреба да стануваш неколку часа пред сите за да пишуваш. Само ти убаво наспиј се дванаесет часа, па ќе размислуваш со будна наспана глава. Да, и соништата се вистински еликсир за расказот. Што има за пишување? Тоа е лесно. Исто како што јадеш само овошје и зеленчук изминативе денови, исто како што имаш повеќе време за вистински активна игра со син ти кој по цел ден штрака на тастатурата, исто како што не си зајадлива и критизерски настроена кон никого, ни кон себеси.

Денес е четиринаесетти јануари две илјади и единаесетта година. Брзо, (брзо, брзо) во мојата куќа во Прилеп, стариот ѕиден часовник наследен од дедо ми (сигурна си дека не е стариот градски часовник?) отчукува единаесет пати. Ура, уште еден час до полноќ! Во аголот на компјутерскиот монитор гледам: 11:11. Одеднаш... (да, одеднаш, тој толку омилен збор на творците на вистинската фантастика, каков што не си ти, залудно се трудиш, мониторот се претвора во огледална површина и се гледаш себе т.е. мене, лика и прилика на тебе. Јас мртва ладна безобразно ти намигнувам. Тебе ти се крева косата на глава. Колку си слатка вака ужасната со врвови влакна исправени нагоре!) во огледалото на мониторот се гледам себеси со мртовечки бледо и речиси пластично гумено лице („Пластично-гумено“? како на грда стара кукла-баба сакаш да кажеш?), но со очи полни живот од кои едното ми намигнува. Ууу...

во заднината на мојот лик во екранот го здогледувам мебелот на мојава соба, ама преполн со кукли. Многу кукли, начичкани, седнати, исправени, легнати, потпрени една на друга... го имаат мојот лик од различни возрасти! И секоја од нив ми намигнува. Една, цела во црна крупна чипка, посебно ѓаволесто ми намигнува. Ауууу... на најгрдата кукла-баба белата коса ѝ расте исправена нагоре, густа како пченична трева! Мислиш, мене? А да знаеш, има и зошто. О! Ме боли! Долги црвени нокти се вкопуваат во моето десно рамо. Не ми се верува, куклата ѓаолица-моелица се исправила до мене со сите мои метро шеесет и осум и со притисокот на зариените нокти, како на копче, ме станува од столот и ме легнува на креветот. Со најдолгиот нокт од другата рака го рестартира комп-јутерот. Сега ќе спиеш дванаесет часа, речиси галовно ми вели, и додека во темницата се чудам колку може понекогаш хипнотизирачки да звучи мојот глас, успевам на кратко да ги подотворам очите и да прочитам што запишува таа во некој чуден црвено-црн формат на ворд документ: ЈАНУАРИ, (Денес е четиринаесетти јануари... се обидувам да прецизирам јас. Веќе е петнаесетти сестро!) НОВИОТ ПОЧЕТОК... и сѐ ми се чини дека тоа на крајот не е обичен интерпункциски знак туку три капки моја крв...

Христо ПЕТРЕСКИ

УДК 821.163.3-32

Зошто кучињата не ги избираат своите господари

(вовед за бајка за една квази прозна и грозна баба и еден бездомен и безидеен пес)

Ниедно куче не го избира својот господар.

Не, тоа не е сосема точно, зашто уште при првата средна на кучето и господарот - може да се случи Тој или Таа да му се допадне, па да посака веднаш да се најде во нивниот скут, во прегратка или да потрча веднаш по нив.

Може кучето да се воодушеви од нивната шарена облека, од златниот накит на рацете или вратот, но најмногу од насмевката која ќе се појави на лицето на идниот Господар или Господарка.

Но, приказнава што ќе следи говори за обратниот случај, кога идниот Господар ќе ја избере својата вечна жртва. Како Циганот кој ќе го избере најмирниот (најкроткиот и најпокорниот) дооден коњ за јавање и влечење на дрвената кола, така и таинствената госпоѓа од населбата Капиштец од Скопје, еден ден избра едно добродушно и кутро кутре - за свој слуга.

Не, таа не го избра кучето Климко (вистинското име му беше Климоглав) на некоја лицитација или хуманитарна приредба, туку го најде во тревата зад нејзината станбена зграда. Лежеше Климко изморен од непотребно лунѕање, но и преголема глад и жед. Фонтаната, иако беше на чекор-два од него, беше превисока за тоа да ја стигне со својата засушена муцка.

И одеднаш на сцената се појави таа - грациозната старичка од најгорниот кат (деветти, поткровје), која се упати кон првиот маркет по црн леб и свежо млеко.Ќе направи лажната госпоѓа Догина попара со топло млеко и топол леб, па зошто да не му даде залак-два и на новиот уличен другар од скопската кучешка клиентела.

Беше тоа љубов на прв поглед помеѓу Догина и Климко. Таа - зашто тој беше немоќен и добродушен, а тој - зашто таа беше осамена и болна.

Но, каков е овој расказ или бајка, ако во него ништо необично не се случува, па дури ни еден најмал заплет.

Не биди нестрплив, зашто прозата не е чиста конструкција на имагинарни дејства, личности и настани, или херметички есеизиран облик и изблик од постмодернистички вид.

Па, што е тогаш прозата на 21-от век?

Тоа што била и секогаш: раскажување и само раскажување...

Тоа добро го знаеја и главните јунаци на приказната за Догина и Климко, кога таа трпеливо го милуваше и му раскажуваше за својот долг и мачен живот, а тоа божем ја слуша климаше со главата сé додека не заспиеше сосема како нејзино штотуку родено бебе.

Во понатамошниот тек на приказната речиси ништо не се промени, освен што главните протагонисти одвреме-навреме си ги менуваа улогите, па Климко трчаше или лаеше, додека Догина дремеше или потонуваше во длабок сон.

Но, при тој премин од активна во пасивна позиција и обратно, се случуваше вистинска драма во домот на единствените двајца жители, зашто тие беа отпишани од семејствата, од Општината, од Градот, па дури и од Господ!

Можеа слободно да си умрат во еден миг заедно и истовремено во поткровното сопче на висококатницата и никој да не дознае, сé додека не почне да се шири неподнослива смрдеа низ клучалката од вратата. Да, Догина постојано ја заклучуваше вратата, иако сега веќе имаше сопствено куче, зашто тоа беше толку мало и толку добро, што слободно можеше да биде мачка, иако би умрело од глад, зашто не знаеше да улови ни најмал глушец.

Но, така најлесно се станува Господар.

Ќе излезеш надвор од зградата, ќе се развртиш лево-десно со очите и ако не успееш да најдеш и излажеш некој човек, барем ќе можеш дома да не се вратиш сам, туку под мишките со маче без едно око, или со куче со една нога.

Брзите автомобили, но и бездушните деца, кои дениноќ гледаат страшни филмови, ќе ви ја олеснат работата и веднаш ќе си најдете

трајна играчка, која потврдно ќе климне со главата пред и да изговорите и еден единствен збор.

А, Догина не престана и понатаму да плаче. Но, сега не како претходно - сама, налактена зад прозорецот, гледајќи во празно и лиејќи крупни солзи по избрчканите образи, туку од среќа што, конечно - има кому да му го раскаже и најлошиот свој расказ.

Климко ќе слуша внимателно, ќе разбере нешто или не, сеедно, но нараторот ќе биде задоволен и ќе продолжи со развивањето и подобрувањето на својот дискурс...

Но, каква е оваа урбана квази-поетика, кога современиот писател не може да раскаже саглам ни една случка за едно никакво и изгубено градско куче, во чие милје со децении се влече (како протагонистка во роман-река) една здодевна и истрошена натуршчик баба...

Сите модели се веќе мртви, теоретизациите од баналност во здодевност до бесвест, а притоа постојано се бара некаков си контекст.

Ќе липсам ли од страв уште при падот, или ќе цркнам кога ќе удрам во бетонот или тревата (сеедно), или (недај боже) ќе останам ли тежок инвалид кој експресно ќе го префрлат во Геријатрија, или ќе останам повторно сосема жива... - секој ден одново се прашуваше Догина, држејќи го повторно веќе депресивниот Климко во рацете, и двајцата загледани во празното прозирно стаклено прозорско окно, кое со часови не најавуваше ништо добро.

И, на крајот, уште епилогот остана пред портите на рајот: По падот од деветтиот кат,/ сал кутрото малечко куче/ успеа да се извлече некако / од мртвите скочанети раце/ и да продолжи по нов пат...!

Никола КОЧОВСКИ

УДК 821.163.3-32

Зима како торта

Мојот пријател спаѓа во оние кои веќе почувствувале желба да се извлечат од здодевниот, завидлив свет на градот и да и се доближат на благородната природа. На седум-осум километри од градот, малку подалеку од тесниот асфалтен пат што ги поврзува цела една ракатка села распослани под планината, тој има купено парче земја-овошна градина. Всушност, мислев дека којзнае колкава и којзнае каква убава градина има, ама еден ден, беше неделно утро пред Нова година кога зафатија големи студови, намина со колата кај мене и ме повика да одиме до градината.

– Немам што да правам, ми се излегува некаде. А имам оставено уште од октомври едни капавици, па реков да видам, да не останало нешто од нив. Ако сакаш дојди, ќе направиме прошетка.

Не ме задржуваше никаква особена работа дома, и повикот со радост го прифатив. Брзо го наврев дебелото палто, крзнените чизми, и се најдовме на улица во пријателовата кола. Градот беше под сињак и ние како заверени подмолни отпадници се молкневме речиси сосем осамено низ него. Бре, колку затуткан свет сме, – си реков.

Кога набргу ја зафативме насоката кон полето, во небото, доста ниско пред нас, ја догледав флеката на сонцето како нај гнил, најслаб дел од циркуски шатор, во кого сме се нашле и во кого речиси се чувствува потреба за електрична светлост. И пријателот навистина пред малку ги имаше вклучено позициоиите светилки, забележав.

Парното греење слабо функционираше и очите требаше да се напинаат низ стеснетиот, заматен видик на стаклото, веќе премрежено со нафатена ледена скрама од нашиот здив, ама ми беше некако несекојдневно привлечен низ сињакот, надвор од градот, додека дрвјата и дури џбунките и тревите поголеми, изгледаа од патот како обилно зашеќерени украси на голема торта,

по чија површина ние се движевме пополека и со брмчење, како ситни муви кои никогаш нема да го дознаат каде е нејзиниот крај. Додека, се што беше онаму малку подалеку од нас, се губеше како во сфера на чуден, аморфно-магличав сон.

Не околината не личеше на околина, на пат, на дрвја, на поле... Се сетив кога бев дете, многу сакав да ми се падне она парче кое имаше троа поголем слој крем, мајка ми правеше едни такви торти, беше невешта и никогаш не се научи обилно да ги прелива со оној сладок, блажествен слој кој се топи во устата и одвај дури го сеќавашсо непцата. Ете, чудна работа, ама токму такви изгледаа сега нивите покрај патот, негде како да фатил филот од јајцевата засладена белка, а негде, сосема сиромашно се поминало со лажицата и таа не оставила зад себе ништо, освен кафеаво-црнкавиот слој на печеното - таа „лажица“ бил сигурно ветрот што поминал преку нивјето, и некои негови струи застружиле до самата земја, ја заметиле.... Ми се меркаа пред очите дури и такви преодни, валкано-бели личести места... какви јас сепак без протестирање ги земав, ги јадев - тоа беше потстопен и пак замрзнат снег или кора мраз на некое вирче, крај некои стракови.

Несакано, се сетив и на тоа, како... му беше на татко ми именден и, како секоја година, се очекуваа да дојдат вечерта многу пријатели и роднини, а јас се бев прикрил во шпајзот да скубнам некое парче од тортата, уште топла и несцврсната, од која само мене ми беше отсекла малку мајка ми за проба, ама кога посегнав со ножот да пресечам-ох! Таа, големата, полна тава, кога се подлизна преку другата, помала и превртена, врз која беше ставена за да не се повреди мушамата на масата, па кога пласна на подот ничкосувајќи се, ничкосувајќи се и цела станувајќи извалкана, жална кашавост, така што јас премрен, престрашен, не сетив кога се најдов стуталeн во аголот и со срце што сакаше да ми искокне од грлото! Ама тогаш влезе таа, мајка ми, ја виде ужасната пустош-дело на мојата незаситност, сакав да извреснам и од мака и од страв, вистински страв, зашто тие, родителите понекогаш и ме натепуваа за палавостите, ама во тој миг мајка ми – ги беше доловила бездруго првин моите очајни очи изгубени во недопрестасливи најтемни дна – во тој миг таа наместо укор, наместо сѐ друго, само се милна со

раката нежна и толку внимателна, за мене потребна, опростувачка: „Сине... сине... не грижи се, сине. Ќе најде мама друго за гостите.“ А од мене, од градите, пиле младокрило летна, првна високо.

И како да бараше пак нешто така мило и светло како тие некогашни мајчини очи, мојот поглед се крена кон местото каде што очекував да биде сонцето, но и онаа последна флека од него беше исчезнала сега, да: сфатив, сињакот е погуст тука, ние слегуваме. Помислив, колку ли ќе биде студено и непријатно да се префаќаат јаболка под овој спуштен бескраен вршник од сива, недопирлива мов која му се пика на човека – насетував некако уште тука, во колата и во вратот, и во устата и во очите.

– Е како бре Јоле, – запрашав, – од октомври па досега си ги оставил јаболката?

– Ама не се тие такви јаболка, бре... Јас, така повеќе за да се прошетаме, – одговори пријателот со оптегнати вперени очи и напнат врат, небаре да ја сечеше тој маглата, метар по метар, место до колата.

– И така, надвор ти се, не?

– Па надвор, ами каде.

– Знам дека немаш викендичка, – го дополнив јас.

Тој само воздивна како да е премногу ангажиран во возењето.

– Вистина, а можеби мислиш да изградиш?

– Е-е! Ти знаеш дека не сум јас од тие. Што имаат пари. – Тој одмавна снисходливо со главата, како некој што воопшто не е обеспокојуван. Сепак чувствував: сум го допрел неговиот копнеж за нешто неостварено.

Туку, подобро да не зборувам, можеби затоа се нафаќа толку бргу оваа скрама по стаклото, што постојано морам да ја бришам.

Јоле одеднаш ја призапре колата, ја сврти на самиот пат и почна да ја враќа во едно споредно, троа стрмно патче што дури сега го забележав.

ДРАМА

Марјан АНЃЕЛОВСКИ

УДК 821.163.3-2(082.2)

„Го силувавме ежот“ (фрагмент)

1.

(МАГДАЛЕНА, АТАНАС)
Магдалена, репортерка од Националната телевизија, прави репортажа за животот во Македонија.
По тој повод разговара со Атанас, бездомник облечен во маичка со македонски мотиви, кој буричка во контејнерот.

МАГДАЛЕНА (*кон камерата*):
Почитувани гледачи, тука сме во оваа прекрасна скопска населба да направиме кратка анкета околу тоа како владините мерки придонесоа за подобрување на животот во Македонија. Со нас е господинот Атанас, кој ќе ни раскаже подетално како живее. (*Кон контејнерот.*) Господине Атанас... Господине Атанас! (*Тропа по контејнерот.*)
Господине Атанас! (*Излегува Атанас џвакајќи свеж кромид.*) Господине Атанас, како владините мерки го подобрија вашиот живот?

АТАНАС:
Ви благодарам! Моите животни услови значително се подобрија. Од обична канта за ѓубре преминав на контејнер.

МАГДАЛЕНА:
Тоа е прекрасно, господине. Како сте задоволни од новите контејнери што владата ги обезбеди за граѓаните?

АТАНАС:
Сакаш? (Нудејќи и од кромидот.) Јас сум
презадоволен. Храната е секогаш свежа, сочна
и вкусна. А не порано, за време на претходната
власт... храната се расипуваше за два дена,
лебот брзо се стврднуваше, со него можеше човек
да утепаш.

МАГДАЛЕНА:
Гледам имате одлична линија. Која е тајната на
вашиот одличен изглед?

АТАНАС:
Ви благодарам! Тајната е во кампањата на владата за здрав и
активен начин на живот. А храната
ја набавувам исклучиво од пребогатиот шпајз на
Македонија (Покажува кон контејнерот.)

МАГДАЛЕНА:
Можете ли подетално да им објасните на гледачите
кои промени ги направивте во исхраната?

АТАНАС:
Секако. Научив правилно да ја селектирам
храната. Порано често буричкав во контејнерите
пред месарата и пекарата. Јадев многу колбаси,
салами, сланина, ќебапи, леб, печива, слатки...
Тоа има многу хормони, калории, масти, вештачки
додатоци... Клучот е во тоа што сега јадам
повеќе овошје, зеленчук, свежо месо, јајца,
млеко... тоа значи повеќе витамини, минерали,
протеини...

МАГДАЛЕНА:
Дали планирате лебот комплетно да го исфрлите од
исхраната?

АТАНАС:
Ќе го исфрлам! Само ако го најдам... (*Покажува кон контејнерот.*) Ама нема, еве...

МАГДАЛЕНА:
Дали лесно ги наоѓате потребните намирници?

АТАНАС:
Во Библијата пишува: „Кој бара – ќе најде!“ Само треба да се биде оптимист, правилно да се контролираат емоциите и да верувате. Сѐ што ќе посакате ќе најдете. Еднаш дури најдов и шејк од *Херба лајф*.

МАГДАЛЕНА:
Дали понекогаш сте во искушение да посегнете по нездрава храна?

АТАНАС:
Се случува. И јас сум човек од крв и месо. Ете вчера најдов торта... (*Ја исцртува тортата со рацете во воздухот.*) Чоколадна, со ореви, шлаг од горе, со вишна... лиги да ти потечат. Ама издржав машки и не каснав ниту залаче. Како што кажав, сѐ е во контролата на мислите.

МАГДАЛЕНА:
Опозициските новинари велат дека сме го допреле дното. Дали имате да искоментирате нешто во врска со ова?

АТАНАС:
Тоа дека сме го допреле дното се чисти измислици. До половина од контејнерот сме стигнати.

МАГДАЛЕНА:
Какво е вашето мислење околу аферата со прислушувани телефонски разговори? Дали тоа некако влијаеше на вашиот живот?

АТАНАС:
Откако слушнав дека политичарите ме прислушуваат, користам само СМС-пораки.

МАГДАЛЕНА:
Зошто?

АТАНАС:
Знам дека не се писмени.

МАГДАЛЕНА:
Ви благодарам, господине Атанас, што го споделивте со граѓаните вашето позитивно искуство. На крајот, што би им порачале на гледачите?

АТАНАС:
Ако умрете од глад, фискалната сметка од погребално чувајте ја за наградната игра.

МАГДАЛЕНА (кон камерата):
Почитувани гледачи, ова беше уште едно позитивно искуство на еден млад и успешен човек, благодарение на владините мерки.
(Поминува отмена, убаво облечена дама и фрла кеса со ѓубре во контејнерот.)

АТАНАС:
Извинете, што е ова?!

ЖЕНАТА:
Молам?!

АТАНАС:
Не моли! Што е ова што фрли?! (Ја зема кесата,
разгледува.) Ахааа... ќебапи, чадена сланина,
бурек... (Ја фрла ќесата и ја погодува госпоѓата
во глава.) Сакате холестерол да добијам?! Шеќерот да ми се
покачи?! (Фрла други кеси со ѓубре.) Сида сакате да добијам?!
Како не ви е
срам?!!

ЖЕНАТА (бегајќи од сцената):
Боже Господе!!!

АТАНАС (облекува сако и кошула што ги наоѓа во
контејнерот):
Срамота! Да се немало чувство за здрав начин на
живот, лајф стајл... (Му ѕвони телефонот, се
јавува.) Ало, Миле, ми текна... ај ќе ти кажувам
после... добар, добар, еве ме снимаат за телевизија... ќе ти средам
работа, уживај... супер е,
уживај... тече мед и млеко. Низ ногавици. (Доаѓаат двајца момци,
Атанас ја испружува раката и
покажува кон запад.) Кон Европа! (Го туркаат со контејнерот кон
исток скандирајќи: „Никој ништо
не ти може, Атанас!“)

СОГЛЕДБИ

Васил ТОЦИНОВСКИ

УДК 821.163.3.09

Книжевно-критички вреднувања

Книгата *Книжевно-критички читања* е нов вредносен труд на Даниела Андоновска-Трајковска (1979, Битола), поетеса, прозаистка, книжевна критичарка и есеистка, авторка за деца, преведувачка, закитена со престижната награда *Книжевен круг* за книжевна критика на Битолскиот книжевен круг. Модерниот поетски сензибилитет со кој се каратектеризира нејзиниот богат поетски опус ја впиша во првите челни редови во тековите и резултатите на современата македонска поезија. Во ова сегашно нејзино творечко време потврда за тоа се интересот и пофалбите на читателите и критиката, преводите на триесет и осум јазици ширум светот, значајни домашни и странски книжевни награди и признанија. Секој автор како што забележавме има сопствено стожерно време, та новата книга и наградата за Андоновска-Трајковска се потврда повеќе оти честа и достоинството на убавината на пишаниот збор дошле во вистински раце. Станува збор за авторка што исполнува/осмислува долгорочна писателска стратегија и секоја нејзина книга е проект што претставува радост, книжевен празник за консументите. Содржината на книжевно-критичките читања и вреднувања ја составуваат петнаесет текстови. Средбата со нив носи возбуда, знак за вреден естетски резултат, да се види и сознае како еден поетски автохтон субјект го исчитува, толкува и оценува пресоздавањето на животот и светот во литература од перото на другиот и кон другото. Во таа смисла авторката ја идентификуваат неколку посебности кои точно го профилираат нејзиниот европски карактер во дарбата од една и знаењето/умеењето од друга страна.

Даниела Андоновска-Трајковска има сопствен критериум и строга селекција на автори и дела за кои се ангажира да пишува. Меѓу нив посебно треба да се одбележи приврзаноста кон битолските автори како продолжување на онаа убава традиција од

Доне Пановски и Радован П. Цветковски за коренот и домот со кои секако Битола не би го имала предзнакот на културна метропола. Се испишуваат страници како анализи или синтези за едно дело во кои теоретски се разглобовуваат елементи од творечката работилница (ликови и карактери, теми и мотиви, јазик и стил, поетики). Она што постојано се одвојува/нагласува се оригиналноста, убавината и свежината обединети и трајно завештани како естетска вредност. Секое дело извира и го одразува сопствениот збор, простор и време прераснувајќи или поточно создавајќи ги општочовечките, универзални димензии на егзистенцијата. Она што нам ни остава особен впечаток и сакаме тоа да го забележиме како аргумент, е тоа оти универзитетската професорка пишува читливо и интригантно создавајќи го кругот на своите читателите без ограничувања на нивните образовни и социјални принадлежности. Пишува за автори кои се припадници на различни генерации со сопствено време и книжевни побуди и поетики, со теоретски знаење за книжевните жанри, видови, родови и почитувајќи го трудот завршува со јасни оценки за вредноста на делото и неговите место и значење не само во опусот на еден автор, туку и во мозаикот од вредности што ја создаваат и афирмираат националната книжевност како колективно меморирање во еден поширок (европски и светски) културен простор.

Внимателниот читател ќе забележи оти секој наслов на книжевно-критичките читања на Даниела Андоновска-Трајковска извонредно прецизно потврдува кон кое теоретско прашање е концентрирано толкувањето и вреднувањето на еден автор и неговото дело како знак на идентификација. Пишувајќи за книгата *Отаде и одавде времето* на Радован П. Цветковски, том од неговите избрани дела, со леснотија и знаење го завршува текстот оти таа книга *претставува значаен исчекор во науката за книжевноста, но и во лингвистиката, а дел и во методиката на наставата по книжевност, за тоа што на едно место се собрани значајни дела кои имаат различна жанровска припадност. Токму поради тоа, ова дело е мисловен предизвик и за научниците и за проучувачите на делото на Цветковски кои ќе заклучат дека тој е и поет и книжевен критичар и книжевен историчар и фолклорист, но и*

лингвист. Ни малку лесен предизвик на кој професорката возвраќа со знаење и леснотија. Автохтоноста во поетскиот испис на Весна Мундишевска-Велјановска инспиративно се толкува со семантиката на елементите: водата, воздухот, земјата и огнот во постоењето и реализацијата на зборот, човекот, времето и просторот, додека животот – шепот на Ангела Филовска се демонтстрира со метаморфозата на поетското јас, а *Никулци на утрините* од Петко Шипинкаровски на светлината од денот со никулецот оксимирон на катадневието. Судбината на откорнатикот испеана со пораката *туѓи во туѓина, туѓи на своето* е формирана/стокмена во лирска песна како естетски знак на душата во творештвото на Панде Манојлов во стихозбирката *Прегрни го светот*. Душата е вруток во која се создава поетската реч со истекување на мислата и бранувањето на водата во *Долините на душата* кај Кире Неделковски. Во тој круг на егзистенцијални прашања е и суптилното за реченицата на Раде Силјан во устата на јавето. Раскажувачката постапка во поемите *Крвави чукари* од Богоја Таневски и *Од предците за потомците или збратимени во името на своите предци* од Зоран Пејковски, е нова афирмација на критичарската мисла со поемата како најуверлив естетски резултат на македонската книжевност во втората половина на деветнаесеттиот век чија епика и денеска е вистински творечки предизвик за исказ на многувековното македонствување.

Бескрајното сонување на детето и создавањето нови приказни, искусниот и вреден педагог Андоновска-Трајковска го гради со него (детето) како рамноправен партнер за дијалог со сказноликите и баснолики бајки *Снаодливото јаренце, Мечката и штракот* и *Зајко Бајко и кучето Трајко* од Златко Жоглев. Дводомните писатели како една од доминантните теми во литературата се посведочуваат во трите прилози за Снежана Алексиќ Станојловиќ со префинетите исчитувања за интертекстуалноста во поетскиот код во книгите *Орфеј* и за македонско-српските возбуди и вознеси со лирските есеистички записи *Тревките во тревата*. Бугарската поетеса Вања Ангелова во поемата *Хераклеја Линкестис* минатато/историјата и сегашноста/реалноста се збогатени со посветени песни на македонски поети и притоа гради мост од ѕуница кој ги поврзува народите во единство на љубов, почит, доверба и соработка.

Поезијата во „Сезона на пелинот“ од Љубинка Донева е во истовреме и апстрактна и конкретна и евидентирачко документарна и предвидувачка – забележува Андоновска-Трајковска во *За пелинот и поленот, полнотијата на празното и горчливата страна на медот.* Исто така, за Борче Панов таа ќе каже дека неговата поезија е универзална, динамична и драматична, повеќеслојна, но и облагородувачка, бидејќи таа ги хуманизира дехуманизираните човечки односи. Токму поради тоа, тој повеќе децении успешно опстојува на светската книжевна сцена.

Нашата приврзаност кон книгата *Книжевно-критички читања* на Даниела Андоновска-Трајковска е резултат токму во таа и таква градба на убавините од мислата и зборот како вечна убавина на единство и во чест на трудот како единствена мера за човекот и неговиот живот.

Милица ДИМИТРИОЈОВСКА РАДЕВСКА

УДК 821.163.3-193.09

Кристалниот трепет во „Премолчено пладне“ на Никола Илијовски

Башо вели: Важно е духот да ти биде високо во светот на вистинското разбирање, а при тоа да не ја заборавиш вредноста на она што е обично. Секогаш барај ја вистината на убавината, секој пат врати се на светот на обичното доживување... Хаику просто е она што се случува на ова место, во овој момент .“ (Јапонска хаику поезија, Владимир Девиде)

Хаику поезијата во најопшт вид се дефинира како вид јапонска песна која обично ја опишува природата и исто така содржи мошне емотивна перспектива. Хаику песната и нејзиниот творец се свртени кон ситните, обичните, речиси безначајните нешта, и тоа најчесто нешта кои се дел од природата, нејзините феномени и процеси. Со тоа хаикуто го изразува светогледот на човекот во Источната култура, ги манифестира најсуштинските философски постулати на една култура за тоа дека светот и животот се припитомен миг. Западниот човек би го посакал цветот во своите дланки, источниот би ги посакал неговите бои. Западниот би го вкоренил во домашната ваза, источниот би го насликал на ѕидот. Хаику тристишјето денес се сместува во една СМС порака и надалеку патува со ветрот преку тишината на сведнатиот поглед што ги чита или пишува стиховите. Во таа вечност на мигот повторувањето на еден хаику одблесок би бил долг колку паѓањето на еден лист или преместувањето на месечината од еден облак врз друг. Тогаш се пренесува светлината врз другиот. Токму и Никола Илијовски потпирајќи се врз автентичното доживување на „вечноста на мигот“, ги почитува основните постулати на традиционалното хаику не само на версификациски и стилски план, туку и на планот на поетскиот сензибилитет, односно ја пренесува светлината на зборот во најчист, најневин, најзагадочен импулс.

И ако веруваме дека хаику-поезијата не се пишува со зборови, ами со срцето, тогаш емотивно-креативен влог на поетот Илијовски нѐ води во свет на „Премолчено падне“, односно во временски интервали низ кои треба да ја насетиме музиката, импулсите на срцето, да оствариме синестезија со сите сетила. Откинувајќи ги тие парчиња од материјалниот свет како цветови на расцутена креша кои лебдат во меѓупросторот тогаш нашата душа се исполнува со звуците на џез-музиката.

една мравка и јас,
одиме на југ
во блуз под месечина

Изразито богата, мисловна, хаику песната на Никола Илијоски кореспондира со она што би го нарекле својствен белег на македонскиот бит. Почитувајќи ги сите правила за пишување на хаикуто поетот остварува духовна рамнотежа со својот сонуван сон и раздиплува мали кристални трепери на милуваната мечта:

тоа што не било
доаѓа во сонувана
игра на умот

„сомнежот е сон
во битието на стравот“,
ѝ реков тивко

Згусната во формата, сконцентрирана врз јадрото на именките сон, џез, врабец, вино, љубов, дожд, ѕид, скакулци -мислата пребликнува, нѐ откорнува од гаѕерот на бликотниот вруток на душата. И затоа елипсата сама по себе не е само стилска фигура туку и мерка и затишје пред бура и граничник и врвови на духовниот хоризонт.

слободна мисла
во отворен кафез стои
ноќ. радио. блуз.

Лирските медитации на Блаже Конески и Ацо Шопов имаат свој одблесок на овие лирските минијатури, со што низ преплетот и трепетот на хаику песната ја покажува зрелоста на поетската промисла, на востановената традиција на зборовите да им е тесно,

да бујат, да се гроздат, а на мислата да и е широко, да разлетува, да се бранува како огледалото на водата вознемирена од ударот на каменот.

зборуваше и
тишината во мигот
на возбудата.

Во тие простори на величината на мислата, на идејните опсервации поетот е како стрелец на недофатот, духовник и испосник, медијатор помеѓу земното и небесното, постојан закрилник на апсолутната убавина на духот.

Велики
велики петок
ти пеглаш за празник
кој ќе ти прости

Истовремено поетот е свесен за тоа дека поетите како воини на зборот се најосамените души затоа што на терезијата на судбината ги одмеруваат и доброто и злото, и нападот и одбраната, и среќата и тагата, и поразот и победата, и животот и смртта и љубовта и омразата- го раздиплуваат тој антагонизам на светот за да ја најдат средишната точка на есенцијата, на мудрото промислување што е смислата и среќата на еден живот.

вчера дожд, о дожд
денес сонце, о сонце
под небото сам

Тој мисловен круг се затвора низ играта на сетилноста на духот. Сите ѕидови се само подотворен кафез на страста за животот-да се одлета слободно како сонот, времето, музиката, виното, како врабецот што ги скокотка клепките на зборовите.

се рони ѕидот
песните се скакулци
во летно пладне

Сега и за секогаш, денес и утре хаику песната бранува траење, затоа што при секој прочит отвораме нова врата, нова духована матрица на себеспознавањето. Медитација наспрема молитва-дилема или потрага по средиштето каде што е хармонијата, убавината-фантастично сообразување на рамнотежата на зборот и

мислата, на очекувањата „некој друг надвор од нас“ да нѐ спаси, а не ние самите себеси во себе. Хаику песната токму ја има таа улога да ја исполни празнината на формата, да се случи ’експлозијата на значењата’ на уметничкото дело.

Златко ЖОГЛЕВ

УДК 821.163.3-1(049.3)
821.163.41-1(049.3)

Поетската светлина, љубовта и слободата: осврт кон поетската книга "Крвта и розата" од Виктор Радун Теон

Ваљево: Интелекта, Пожега: Свитак, 2016

За авторот

1.- Виктор Радун Теон е роден во 1965 година во Скопје, Македонија. Работи како професор по Економија и менаџмент во Метрополитен Универзитетот во Белград, а живее во Нови Сад. Неговото поле на студии вклучува поезија, превод, филозофија, мистицизам и симболика и студии на иднината.

Тој има учествувано во проекти и голем број национални и меѓународни конференции и има напишано 55 научни трудови од областа на менаџмент, маркетинг, глобалната економија, филозофија и идните студии.

Превел од англиски 22 книги од областа на економијата, менаџментот, мистицизмот и филозофијата. Учествувал на меѓународните поетски настани: Струшките вечери на поезијата во Струга, 1995, Бранково оро, во Сремски Карловци 2010 година. Објавувал песни, есеи, критики и приказни во книжевни списанија: Летопис на Матица српска, Градина, Тетратки (Свески), Полиња, Златна Греда, Бранковина, Сонцевник (Сончев часовник), Трага, Ново Слово, Свитак и други.

Член е на Друштвото на писатели на Војводина и претседател на надзорниот одбор на „Стериино позорје".

За книгата

2.- Според објаснувачкиот текст на почетокот на книгата, таа е своевиден интимен лексикон на парадоксалните љубови и е

посветена на авторовиот син Дориан, со мотото дека „Љубовта победува сè“ (Amor omnia vincit).

Книгата „Крв и роза“ има вкупно 53 (педесет и три) песни и е поделена на Воведен дел и на уште 5 други делови (Капки, Молк, Преплетувања, Одблесоци и Латици).

Во воведниот дел се поместени текстовите: „Крвта и розата: зошто?“, „За онаа“ (песна), „Пролог-интерлудиум“, „За тајната на љубовта кон Жената“ и „Повик на нероденото“.

Делот „Капки“ содржи 5 песни и тоа: Кон работ на равенката, На сфингата, Преобразба, Без проба и Дијалектика на односите.

Една песна повеќе (6) има делот насловен „Молк“. Во него се поместени следните песни: Траење, Во дланката, Трагам, Заветната тишина, Опиеност од ивицата, Огледување.

Во третиот дел („Преплети“) има 8 песни и тоа: Резиме, Од тишината на иднината-обраќање, Оставен, Утре, Обликување, Заминување, Радикална метафизика на катарзата и Нишалка на времето.

Седум песни содржи четвртиот дел од книгата насловен „ Одблесоци“ и тоа се песниве: Ходник, Стопување, Прибод, Трн, Свиркање, Крвава и Сé пократки мигови.

Најголем е петтиот дел во книгата („Латици“) и истиот содржи вкупно 23 песни: Смола, Никнува, Збор, Алхемија на двајца, Спокој, Институцијата присуствување, Кукавичко јајце, Танц после експериментот, Како дете, Кој–знае–каде, Првите десет збора, Искушение, Ода за една, Светови, Под наметката, За неа – 156, Насетување, На заспаната астрална сфинга, Тебе, Соочување, Првосвештеничката, Видливост и последната по ред во овој дел, песната „Зачнување“.

На крајот од книгата се поместени две рецензии и белешка за поетот. Првата рецензија е од Татјана Дан Ракиќ („Над книгата „Крв и роза“), а втората е од Милијан Деспотовиќ („Мисленица на плодниот ум“). И во двете рецензии, сосема оправдано и аргументирано, со најпофални зборови високо е вреднувана поезијата на Виктор Радун Теон.

3.- Мојата интенција во овој осврт е да дадам мое лично толкување на некои работи кои ги сметам за суштински во

метафизиката, гносеологијата, аксиологијата (етиката и естетиката) на поезијата од Виктор Радун Теон во оваа книга „Крвта и розата“.

Книгата нема класичен предговор. Наместо тоа, авторот има напишано неколку текстови во воведниот дел на книгата. Првиот од тие текстови е насловен „Крвта и розата: зошто? и во овој дел поетот објаснува за мотивите зошто пишува на оваа тема:

Крвта и розата: Зошто?

Заљубеноста е трајната состојба на еден поет. А љубовта е точка од којашто се множат парадокси.

Оваа книга посветена е на жената, на девојката, на Таа којашто ја вдахнува поетската визија, вткаена во круговите на поетовата имагинација, пренесена во зачудните поетски светови од стварноста или астралните претчувствувања и одеци. Жените како нимфи, вили, конкубини, музи, волшебници, опојници, дражесници, жени како девици и блудници, како заводници и сонувачи, сечујни и себудни, тие што чекаат, набљудуваат, чуваат, бодрат, задеваат, мамат, флертуваат, следат, тестираат, бранат, напаѓаат, мазни и опасни, неопишани и неодгатливи...

Нивните траги сѐ уште се живи во мојата потсвест, како жарче што тлее или незацелени рани, како крв или како роза, пулсираат со секој фрагмент на сега, освојувајќи ги просторите на иднината. И ете ги, преточени во стиховите што се отвораат на страниците на оваа книга, моите страсти и страдања, моите болки и опои.

На некои од нив им посветив посебна песна, некои се насетуваат во стиховите, а некои се провлекуваат низ повеќе песни, како што се и во многуте песни повеќекратните алузии.

Сите тие, препознаени или не, вплетени се во овој мој интимен лексикон на парадоксалните љубови, излиен во 53 песни на книгата. Крв. И роза.

В.Р.Т.

(Виктор Радун – Теон)

4.- За симболиката на *крвта и розата*

Во оваа прилика во врска со симболиката на **крвта** одбравме референци од два познати речници на симболи. Прво, Во Речникот на симболи – Шевалие и Гербран е дадено следното објаснување:

> „Крвта ги симболизира сите вредности што се поврзани со огнот, топлината и животот, кои пак, се поврзуваат со Сонцето. Со овие вредности се поврзува се што е убаво, благородно, великодушно, возвишено. Крвта исто така и припаѓа на општата симболика на црвеното...Крвта –помешана со водата- која тече од раните на Христос, а собрана во Гралот, е напиток на бесмртноста. ...
>
> Крвта кај некои народи се смета како седиште на душата;...
>
> (Шевалиер и Гербран, 2005: 518)

Слично во Речникот на симболи од Џек Тресидер, пишува:

> Ритуален симбол на животната сила. Во многу култури се сметало дека таа содржи дел од божествената енергија, или во поопшта смисла, духот на личноста. Соодветно на некои стари традиции, крвта има благотворна и плодотворна сила.... Мешањето на крвта е симбол на здружување во голем број народни обичаи (на пример, братимење со крв) и може да претставува знак на согласност меѓу луѓето или помеѓу човекот и Бога. Во римско-католичката и православната традиција, во тајната на евхаристијата виното за причест ја симболизира крвта на Спасителот. (Тресидер, 2001:119-120)

За симболиката на розата постојат бројни објаснувања во најразлични митолошки речници и други книги (Грчките митови, Најубавите митови во светот и сл.). Во нив се објаснети раѓањето на Афродита и нејзиниот однос со Адонис (за настанување на црвените рози, поврзано со капењето на крвта од Афродита врз лисјата на белите рози, кои оттогаш станале црвени). А со оглед на тоа што Афродита (а кај Римјаните = Венера) била богинка на страста, црвените рози најчесто се врзуваат со страста.

Но да видиме што пишува во понапреднаведените речници за розата.

Во речниот на Шевалие и Гербран (2005), под одредбата роза, меѓу другото пишува:

!Препознатлива по својата убавина, форма и мирис, розата е најчесто употребуваното цвеќе во симболиката на Западот. .. Во Индија, каде космичката роза служи како поим за убавина на Мајката Божја. Таа значи постигнато совршенство, безгрешно остварување. Розата го симболизира пехарот на животот, душата, срцето, љубовта... Во христијанската иконографија, розата е, или пехар кој ја собира крвта на Исус, или преобразба на капките на таа крв или, пак симбол на Исусовите рани...Готичката розета и **розата на ветровите** го означуваат преминот на симболиката на розата во онаа на тркалото“ (Шевалие и Гербран, 2005:860).

Кај Тресидер, нема одредба под зборот „роза”, туку под терминот „ружа” (трендафил) и таму меѓу другото, пишува:

„Во западната традиција е совршено, примерно цвеќе, симбол на срцето, на центарот на светот, на космичкото тркало, а исто така и на божествената, романтична и сетилна љубов. Белата ружа е амблем на невиноста, чистотата и девствеността, а црвената ја симболизира страста и желбата, сетилната убавина.... Разумноста и претпазливоста се важни, ако не и првостепени, составки во симболизмот на ружата. ... Купидон ги прекинал гласовите за неверноста на Венера, со тоа што го поткупил богот на тишината со ружа...

(Тресидер, 2001:218-219)

5.- А за кого е книгата Виктор Радун објаснува во песната „За Онаа“:

„За ОНАА која била која е која ќе дојде од онаа страна на Понорот...“

Да, книгата е посветена за нејзиното величество Жената, која Виктор Радун ја поставува највисоко не само на световниот, туку и на религиозниот пиедестал. Значи според поетот книгата е:

За дамата, кралицата, првосвештеничката
За светоста и прикажувањето за ОНАА која се игра крие и преобразува во безбројни облици која го мами жедниот
Во својот стисок и прегратка

6.- Дообјаснувања за поезијата во оваа книга, како и за релациите на истата со него, Виктор Радун дава во делот насловен „Пролог – интерлудиум“:

Оваа поезија е прекин на еден континуитет. Таа не припаѓа на ниеден мој спознат свет. Таа никнала на меѓа. Настанала со вкрстување на моите крикови и восклици во празнината на надојдената слобода.

Дисконтинуитет како суштинска категорија во филозофијата и поезијата на Виктор Радун. Дали континуитетот по секоја цена е добар? Секако дека не: на пример замислете континуитет кога имате заблуди, неверства, болки, страдања и т.н. Во такви состојби дисконтинуитетот е честопати будење и спас, а во уметничко-поетска смисла е и доказ за креативноста на авторот. Тој дисконтинуитет е всушност дијалектиката на „криковите и восклиците“ на поетот, кој и покрај надојдената слобода чувствува празнина. Ова е всушноста едно од темелните егзистенцијалистички начела за т.н. „егзистенцијална пустош“ или „егзистенцијална

празнина“, што ја чувствуваат луѓето и покрај тоа што се слободни, односно посебно заради тоа што се слободни. Како што пишувал познатиот филозоф Жан Пол Сартр:

> „Човекот не само што е слободен, туку е осуден да биде слободен. Во тоа е неговата големина, но во тоа е и неговата несреќа“.

7.- Виктор Радун има Зевсовски пристап во неговите очекувања на преобразбата. Овде станува збор за пристап каков што имал Громовникот при создавањето на Афродита од морската пена, која се создала со кастрирањето на Уран и фрлањето на неговите гениталии во морето:

> „Ја исцедив крвта од своите згмечени екстремитети и чекав кршливата скрама да се преобрази во обелиск. Некаде во затемнетите ќошеви сонував дека од црвенилото никнуваат рози“.

8.- Но, да се пишува поезија, не е воопшто лесно. Напротив, тоа е неверојатно тешка работа, при што авторот постојано се соочува со разни пречки, понори, постојано се движи како акробат по јаже – по различни ивици. А притоа некогаш останува очајно сам и без допир и благослов од никој и од ништо:

> „Оваа збирка е изградена на работ на провалија. Позади е вртоглав понор. Немаше ништо повеќе да ме допре и благослови. Остана само лузната, како опомена и навестување“.

Виктор Радун во својата поезија го има вткаено и универзалниот општествен закон за кој пишува Габриел Тард, законот на повторувањето, цикличното случување на настаните:

> „Се повторуваа зборовите. Чувствата. Кој циклус? Кој број?“

Но, секој мора да си ја води својата борба и воопшто не е лесно кога човек остане сам. Тогаш се чувствува дека е распнат, како што пее поетот:

„Останував сам. И распнат. Меѓу одвеаното и недовикнатото. Меѓу два бранови.

Меѓу крвта и розата. Влажен од напливот на претходното. Недофатен од новото“.

9.- За смислата на љубовта, за неговиот однос кон жените и за тајните на љубовта кон нив, за страста и стравовите, за привлечноста и надежта Виктор Радун Теон, објаснува во текстот насловен „За тајната на љубовта кон жената“:

„Со кое насетување љубовта ја издигнуваме на престолот, додека како живи лешеви лутаме по лавиринтите на светот, проколнат и фантазмагоричен? Писателот не се прашува, тој трага со шепот

Вратата се затвора, зад неа остануваат несварените остатоци на нашите минати скршнувања (кршкања). Ноќ е, а утрото ни се привидува.

Како да се изговори таа непоимност на вечната привлечност за тајната на жената?

Во амбис се фрлам со волја на пустиник, до самото дно, покрај пукнатината што така страсно ја исполнува реката.

На некои прашања остануваме неми како метафора“.

10.- Последниот текст од воведниот дел, само го потврдува копнежот на поетот и неговото трагање за Слободата во неговата песна „Повик на нероденото“:

Изделкани дрвја,
На гранките лисјата застанале Алтафорте,
Смолата која непрестајно ја испивам

Амалантрахови привидувања
И духот е ослободен, знам.

И покрај сите стравови и страдања, сепак поетот е среќен кога неговиот дух ќе ја почувствува Слободата. Виктор Радун е во исто време Човек – кој дисциплинирано и посветено работи и знае дека тогаш било која промена и преобразба може да ги очекува подобро подготвен, па и покрај духовните лутања, Но, тој знае дека и стрпливоста е многу важна и дека за се треба време, па така и сите страдања полесно можат да се поднесат, кога со извесност се очекува ослободувањето на духот.

ЛИТЕРАТУРА

ТРЕСИДЕР, Џек (2001) *Речник на симболи*. Скопје: ТРИ (крв:119-120; ружа/трендафил: 218-219)

ШЕВАЛИЕ, Жан&ГЕРБРАН, Ален (2005) *Речник на симболите: митови, соништа, обичаи, гестови, облици, ликови, бои, броеви*. Прегледано и проширено издание. Скопје: ТАБЕРНАКУЛ

Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА

УДК 821.163.3-1(049.3)

Вдахновена философско-етичка интерпретација на вредносното во егзистенцијалното (за книгата „Пеш по воздушна линија“ од Даниела Андоновска-Трајковска, Книгоиздателство Ми-Ан, Скопје, 2021 г.)

Книгата „Пеш по воздушна линија“ од Даниела Андоновска-Трајковска е компилација од седум циклуси кои секој за себе се истакнуваат со својата посебност, а сите заедно – со својата сплотеност. Осумдесет и две поетски творби блескаат како вгравирани уметнички дела изложени во седум циклуси кои импресивно започнуваат со хаику песна која воодушевува и со компресираната инсталација на идејното и со својата поставка во насловот на циклусите, но и именувана во нивниот завршеток. Овие резбаници на Андоновска-Трајковска со шилото на согледбата и крикот на опстојбата, врежани во рамната подлога на човековото постоење, резултираат со палета на сликовити дизајни на биднината. Неможно е да се одмине чувството дека сите песни како да се родени од длабоката тишина на духот, на времето, на збиднувањата, како да се залекувања на болувања одболувани во зборот.

Од стиховите искрат изненадувачки алузии кои молскавично создаваат претстави осветлувајќи ја емулзијата од фотографскиот слој на дразбата на читателот предизвикувачки менувајќи го секој пиксел од сликата во функција на засилување на светлината и контрастот на вкодираната порака. Така, црно-белата фотографија на „една интровертна пустина со песок во очите“ која „живее вечно во една дрвена рамка/ во продавницата со антиквитети“ („Ејдетска слика“), во новото време во кое со „пластични мисли се врзуваме/ пуштајќи жили/ во земјата наместо во животот“ („Пластифицирани мисли“), се отпечатува во многубојно проткаени стихови за јавето исцедено „ко капка крв од очите“ („Јаве“), за иднината која се чува сама, за животот „капка млеч во папокот“, стихови кои зборуваат

гласно за да се чуе песната. Оваа стихозбирка содржи песни во кои лирското Јас во јасно артикулирана форма, но сепак суптилно и имплицитно говори за животот на човекот во услови на затвореност на телото, а понекогаш и на духот, односно за драстичната промена на животот на светско ниво како резултат на настанатата ситуација во врска со пандемијата со Ковид-19. Рефлексивната поезија која освен поетска има и конативна функција ги доведува во фокусот актуелните општествени прашања филтрирани преку субјективната перцепција на лирскиот субјект.

Освен тоа што во својата спецификација оваа поезија има и општествен ангажман, има и философски и етички определници. Поетската мисла, иако позиционирана среде збунетиот свет на современето во кој зборовите „не можат да ја напишат приказната/ за празните улици во нашите срца“ („Сепак не се врти“) и во потрага по смерници за самоидентификација и покајание („Ангели ли сме или Богови прогонети од рајот/ штом постојано си го гледаме крајот/ во овој живот кој и не живее толку долго/ за да може пак да се роди и да почне од почеток.“ – „Не можам да дишам“), се добива чувство дека е сместена во дом без адреса, дом „обесен на клепките на сонот“ („Пресликани раце“), алудирајќи на пријатноста на себесместувањето меѓу ѕидовите на животот без оглед дали тие се од цемент или се лебдечки меур од сапуница. Истакнувајќи ги одличјата на изразената спротивност на невидливото и впечатливото, се потенцираат условите во кои тие кохезираат и се преклопуваат во артикулацијата на сонуваното време кое живее „среде стожерот околу кој се вртиме денонокно/ за да има крв во годовите и леб во годините/ кога надвор од кругот излегуваме“ („Прекасан јазик“). Разновидноста на начинот на гравирање на овие илустрации на модерното (со)бидување кога „сè потешко станува патувањето во сопственото тело“ („Пеш по воздушна линија“), тектонски ги поместуваат брановите возбуда од вообличувањето на естетската рецепција на Андоновска-Трајковска во разноврсни репродукции на едно време кое го одвртува својот молк „за да ја разбуди/ вечноста што спие(ше) во нас“ („Опколено време“).

Андоновска-Трајковска, како и многу пати во своите претходно објавени книги, се обидува поетски да го претстави и начинот на кој

се создава поезијата, да го утврди изворот од кој таа се раѓа. На тој начин поезијата сместена во циклусот во чиј наслов е хаику песната „иднината се/ чува сама. капка млеч/ во папокот“, може да се доживее и како метапоезија.

Стилот на авторката е оригинален, полн со симболика и метафорика која шокира и возбудува истовремено, но и поттикнува на создавање на аудитивно-визуелни претстави кај читателот. Со пополнување на тие „шематизирани аспекти“, читателот ги чита и надјазичните пораки на контекстот и станува косоздавач на значењето на лирската песна, а со тоа и нејзин вистински консумент. Поетскиот код е нежен и лирски, ослободен од патетика, а истовремено е и остар и освестувачки, така што остава впечатливи траги во компактноста на вкомпонираното единство на спротивности.

„Пеш по воздушна линија“ од Даниела Андоновска-Трајковска е имагинативна артистичка интерпретација на вредносното, вдахновена артикулација на философијата на егзистенцијалното, уште едно зазорување на храброста и инвентивноста на исчекорот на свежиот глас во современата општествено ангажирана и интимистичка македонска поезија.

Бобан РИСТЕВСКИ

УДК 398.22:82(049.3)
2-264(049.3)
2-264:82(049.3)

Во светот на митовите и на митологијата (Кон книгата *Митови, фигури, книжевност, култура* од Маја Бојаџиевска; Скопје: Сигмапрес; 2018)

Може ова да биде добар вовед кон (барем за мене) интересното и интригантно подрачје на компаративната митологија (а исто така тука може да се вброи и подрачјето на компаративна религија). Има една книга, со наслов – *Теории на митологијата* од Ерик Чапо (издание во превод на српски на престижниот српски издавач Клио), која се уште не дошла на ред да ја прочитам и проучам. Но, додека тоа да се случи, како објаснување, описи и истражувања за областите на митовите и на митологијата може да послужи токму ова книжевно дело, со наслов - *Митови, фигури, книжевност, култура* од Маја Бојаџиевска.

Маја Бојаџиевска, во нејзин еклатантен манир и стил, прави пресек и претставување на еден дел од најзначајните и најрелевантни митолошки традиции во светот. Во рамките на оваа нејзина книга ќе се сретнете и соочите со претставување на митологијата во еден културолошки контекст. Тоа е пресек на дел од светското митолошко искуство, претставено и презентирано со и преку матриците и призмите на културолошкото сито.

Во книгата (инаку, издание на книжевниот издавач Сигмапрес од 2018 година) се застапени анализи и претставување на еден дел од теориите и тезите за митологијата и за компаративната митологија и религија, барем од релативно поновата историја на литературата. При што, презентирани се ставовите (во врска со митовите и специфичните односи што тие ги градат со другите подрачја од човековата мисла) од автори, научници, кои најчесто истовремено се и универзитетски професори, како што се – Шелинг, Едвард Тајлор, Џејмс Џорџ Фрејзер, Бронислав Малиновски

(основоположникот на етнографијата, преку и со неговото извонредно и капитално дело или студија со наслов *Аргонаутите од Западниот Пацифик*, дело со коешто Малиновски ја има етаблирано етнографијата како наука), Лисјен Леви-Брил, Мирча Елијаде, Џозеф Кембел (значаен со неговото интригантно дело *Херојот со илјада лица*), Жилбер Диран и други.

Преку оваа книга од Маја Бојаџиевска ќе научиме, меѓу другото, дека она што ги определува, дефинира и издвојува митовите од другите форми на човековото литературно творештво, е тоа дека за митовите е карактеристично тоа што најчесто говорат за теми какви што се (на пример) – потеклото и настанувањето на светот, уништувањето на светот, како човекот се нашол тука и која му е крајната цел, какви би требало да бидат човековите вредности и однесувањето, итн.

Но, тоа не е сè! Оваа книга претставува продлабочено, аналитичко и одмерено истражување во специфичниот жанр на митот и специфична анализа на оваа особено значајна форма што е дел од човековото литературно (во усна и писмена форма) творештво, што значи – митологијата, која оставила неизбришливи траги низ историјата на литературата, почнувајќи уште од антиката, со оглед на тоа што е добро познато дека, на пример, прочуените антички старогрчки трагедии од Еврипид, Софокле и Ајсхил се обременети со теми и мотиви кои му припаѓаат на и потекнуваат од (нај)широкото милје на античката старогрчка митологија.

Лила МОРОЗ-ГЖЕЛАК, Набита СУБИОТО и Марија БАТОРОВА

УДК 811.16:821.16(4)(049.3)
81'255.4=162.4=163.3(4)(049.3)
81'255.4=163.3=162.4(4)(049.3)
821.163.3:811.163.3(497.7:437.6)(049.3)
930.85(497.7:437.6)(049.3)
82.091(049.3)

Славистичките синтези на Звонко Танески

(Zvonko Taneski: *Славистички синтези / Slavistické syntézy*. Београд – Bratislava: Филолошки факултет Универзитета у Београду – Asociácia organizácii spisovateľov Slovenska, 2018, 252 s. ISBN 978-86-6153-514-7)

„...Книгата *Славистички синтези* од Звонко Танески е збирка на текстови – научни студии, стручни и есеистички статии, аналитички и информативни рецензии за конкретни научни и уметнички остварувања. Ги спојува славистичкиот феномен докажувајќи го значењето на научните односи помеѓу Македонија и Словачка, како и рангот на другите словенски култури. Книгата е сведоштво за развојот и за негата на успешниот развој на научните контакти помеѓу двете наведени словенски земји, кои ги спојува наследството на светите браќа Кирил и Методиј. Авторот во своите научни статии, печатени претходно во Македонија (на македонски јазик) и во Словачка (на словачки јазик), обрнува внимање на минатото во меѓусебното познавање во областа на книжевните, културните и јазичните врски на двата народи. Текстовите, сепак, прикажуваат многу аспекти, кои се особено важни и за останатиот дел од словенскиот свет во рамките на споредбената славистика... Авторот не се ограничува единствено на билатералните научни и културни односи туку, исто така, ги анализира словенските литературни и културни врски воопшто во поширок контекст... Оваа книга на Танески може да биде користена од читатели и од слависти

и од други земји (не само од Македонија и од Словачка), бидејќи таа претставува доказ дека славистиката сè уште има значење во хуманистичките науки“...

Проф. д-р Лила Мороз-Гжелак
Институт за славистика, Полска академија на науките во Варшава

„Книгата *Славистички синтези* содржи резултати од последните три години на неуморната научна и стручна работа на славистот Звонко Танески. Текстовите се поделени на два дела, од кои првиот е посветен, пред сè, на истражувањето на македонско-словачките книжевни и културни релации (за изучувањето на македонскиот јазик и култура во Словачка, за македонситиката во угледното славистичко списание Slavica Slovaca, за истакнатите словачки македонисти, за рецепцијата на делата на некои македонски автори во Словачка, како и на словачките писатели во Македонија итн.), а во вториот доминираат прецизни анализи и аргументирани критички вреднувања на одбрани научни дела од различни области на славистиката (за граматиката на хрватската редакција на црковнословенскиот јазик, за семиотиката во литературната наука, за романтизмот и преродбата во балканските (не само словенски) литератури, за научната работа на истражувачот Јан Галик итн.) и рецензии на белетристички текстови или на нивната рецепција преку преводите (за одбраните дела на Христо Петрески, Иво Петровски, Славчо Ковилоски, Алица Кулихова, Бронислава Волкова, Миљенко Јерговиќ и Димана Иванова), кои потекнуваат не само од Македонија, туку и од други словенски културни средини, на пример, од Чешка, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина или Хрватска.

Многу од текстовите во книгата се веќе објавени во реномирани македонски и словачки научни и стручни списанија, во зборници од научни конференции или во форма на поговори кон белетристички текстови, а вака наредени, се поврзуваат во фунционална целина и рефлектираат дел од историската и од современата комуникација меѓу словенските средини на полето на литературата и на

филолошката наука. Текстовите (пред сè, научните трудови, но и прегледите, рецензиите и литературната критика) изобилуваат со исцрпни, прецизно и прегледно наведени скапоцени податоци за историјата на дел од културната, образовната и научната комуникација, кои во ваква форма ќе им стојат на располагање на проучувачите на македонско-словачките културни релации, како и на останатите слависти.

Книгата *Славистички синтези* претставува голем придонес кон славистиката како наука и кон воспоставувањето и одржувањето на културните и на научните релации меѓу словенските средини“.

Проф. д-р Намита Субиото
Филозофски факултет при Универзитетот во Љубљана

ПОЕТИКАТА НА ДИСЛОКАЦИЈА ОД ЗВОНКО ТАНЕСКИ

(Zvonko Taneski: *POETIKA DISLOKÁCIE – Komparatistické sondy k migráciám v južnoslovanských literatúrach po roku 1989.* Bratislava: Univerzita Komenského v Bratislave, 2021, 216 s. ISBN 978-80-223-5141-6)

Научната монографија на З. Танески нуди истражување на денешните најсериозни книжевнонаучни проблеми на комуникација меѓу книжевностите на отворениот свет. Таквата проблематика ја испитува во теоретскиот дискурс со евидентен развоен аспект, исклучително и исклучиво објективно, отрфрлајќи го, секако свесно, политичкото и групациско позиционирање на поединечните книжевни научници. Тоа го сметаме за еден од егземпларните научни и етички влогови во денешниот книжевнонаучен дискурс во Словачка. Понатаму, го зема предвид текстот и тоа драгоцено – преку авторот. Се разбира, кон таквата методолошка интенција му помага и сопственото искуство на интелектуалец кој живее и ја применува својата акрибија во „туѓа“ земја. Психолозите зборуваат за преселувањето во туѓина како за

„соблекување од кожата“, сетне за истото и тоа при враќањето „дома“. Таквата внатрешна состојба ја има авторот структурирано во меморијата. Освен тоа, фасцинирачки во овој ракопис е и ширината и евиденцијата на прочитаните трудови кон проблематиката од постарите (Ј. Хвишч, Д. Ѓуришин, П. Копрда, И. Доровски и др.) па сè до најновите трендови. Авторската анализа се пренесува слободно од главниот текст до обемниот, мошне интересниот и крајно потребниот апарат со белешки и фусноти каде што наоѓаме и саморефлексивни коментари за актуелната работа и за свеста од потребата од таквата работа, како и најави за идните проекти. Тоа сведочи за исклучително самосвесниот, интегриран испитувачки субјект кој ги сфаќа постоечките сознанија и ги согледува празнините што треба неопходно да се истражат и да се дополнат.

Книгата *Poetika dislokácie* (*Поетика на дислокацијата*) претставува изразит и важен прилог за книжевната компаратистика.

Проф. д-р Марија Баторова/ Prof. PhDr. Mária Bátorová, DrSc.
Словачка академија на науките во Братислава

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА

УДК 821.163.3-1(049.3)

Современото време и морето во „Глочка школка“ од Борче Панов

[4]

(Борче Панов (2018). Глочка школка. Радовиш: Центар за култура „Аџо Караманов“)

Поезијата е жив организам кој е во постојан процес на регенерација и метаморфоза во својата синхронија и дијахронија и тоа под интегрирано влијание на развојот на индивидуалната и колективната свест. Така, поетите постојано излегуваат од постоечките референтни рамки за да изградат свој сопствен поетски код кој ќе го одразува нивното уникатно гледиште и хиперсензитивната естетска перцепција која ја вградуваат во својата поезија. Ако за поезијата воопшто велиме дека е жив организам кој се менува и развива низ вековите, за поезијата на Борче Панов можеме да речеме дека е автохтон жив организам кој не само што се развива туку и ја продолжува својата егзистенција во сите можни актуелизации кои се појавуваат кај читателот. Мотивите му се безвременски, голем дел од поетските слики се интертекстуални и содржат хронотопи и ликови кои стануваат атемпорални и аспацијални, а кодот е уникатен.

Борче Панов е еден од ретките современи поети кои повеќе децении успешно опстојуваат на македонската, балканската и светската книжевна сцена токму поради тоа што неговата поезија се одликува со ингениозност и оригиналност при означувањето на мислата, но и на вдахнувањето на емоцијата. При тоа, во сите овие три децении од неговото прво официјално појавување, па сè до „Глочка школка“ тој успеал да остане доследен на својата луцидност и сензибилитет за препознавање на значајни и секогаш

[4] Извадок од „Книжевно-критички читања“, наградена со Книжевен круг за критика за 2022 (Битолски книжевен круг)

свежи поетски мотиви во секојдневните ситуации, како и способност да предизвика силна емоција кај читателот. Поетските слики се динамични и или се полни со драматизам и возбуда како резултат на брзото менување и испреплетување или се градациски, полисемични и исклучително нежни и лирски, а сепак длабоко мисловни и полни со референцијалност.

„Глочка школка“ е негова единаесетта по ред книга поезија, а има невообичаен и провокативен наслов и од лексичка гледна точка, но и од семантичко-стилска, а е сочинета од 65 песни групирани во 9 циклуси. Низ лирското Јас се пресекуваат правите на случувањата кои припаѓаат на различни временски инстанци. Така читателот ќе се најде за миг на прапочетоците на човековата историја како еден проблесок во сеќавањето и појдовна основа за нашата еволуција, а потоа болно ќе се соочи со својата деструктивна човечка природа која илузорно верува дека во име на науката и цивилизацијата придонесува за животот („Ќе ни заврне ли тешкиот летен дожд одвнатре,/ ќе зажилат ли молњите во очите ни,/ ќе грми ли Господ во нас/ ќе нѐ искара ли како разлошени деца?// Си игравме со неговите совршени созданија/ како со играчки,/ а кога ни здосадија играчките/ сакавме да знаеме што има внатре -/ упорно се обидувавме да ги рашрафиме/ сонцето, ветриштата, облаците и месечината,/ ги прокопавме морињата, со меч удривме по џунглите.// Толку ни беше досадно/ што му ги расцепивме и атомите на вербата,/ измисливме и покајанички храмови на измамата,/ но ќе има ли кој да ни прости на крајот?// Ќе заврне ли конечно тешкиот дожд/ по лицето на овој Бог,/ којшто неподносливо личи на нас самите?“ (Божја налика, стр. 18). Всушност времето како концепт кој секој од нас различно го сфаќа е една од неговите омилени теми кои ја препознаваме и во оваа книга, но и во неговите претходни поетски остварувања. Тоа може да биде истовремено и повеќевремено, да се крие зад клавишите на синтисајзерот, да се буди на гранките на гласните жици на поетот, да бега од сенката за да не биде измерено, да се крие во часовникот за го поседува човекот кој некогаш ќе се сети да го згазне со петата за да живее илузијата дека живееме надвор од времето, да се овековечи во поезијата која има моќ да го застанува или забрзува.

„Времето е зеница која се собира/ и шири за никогаш да не ослепиме/ од премногу светлина/ или од неопфатна темница. (Лаванда, стр. 57). „Но, чие ли е тоа време кое постојано нѐ враќа/ од работ на овој свет кој паѓа во провалија/ и чија ли е таа рака што ни подарува време:/ 86400 секунди дневно по 7,5 милијарда луѓе?“ („Повеќевремено време“, стр, 19).

Еден исто така доминантен мотив кој го насетуваме и по насловот на книгата е морето коешто му послужило како инспирација, но не инспирација за романтичарско-дескриптивни поетски слики, туку за создавање на поетски тела кои оживуваат и се бранувaат во ритамот на дишењето на морскиот бескрај за да раскажат приказна – секогаш нова и свежа, навидум едноставна, а толку проникнувачко лирска. „Гледав во бескрајот на морето/ сѐ додека не слушнав како островот во мене/ ја повикува црвената сирена на мојата крв// И си мислев има ли патоказ за ова срце – остров/ на кој самувам во самицата на телото/ како и самиците на идеалистите/ во кои и сега во 3Д ги убиваат во музејот (Остров, стр. 47). Тоа е приказна која започнува од таа солена вода, од таа прародителка во чија матка лежи зборот како бисер кој се раѓа од нашата болка низ времето кое црта по нашите тела за да знаеме дека не сме бесмртни, од тетовираното море на градите на еден човек, морето во семејството кое во истовреме е и наша вселена и наш затвор и наш печат и наше време, морето кое нѐ подигнува високо на брановите на неочекуваното кои прекршуваат по некое наше Јас на карпестиот брег на времето, па сѐ до морињата во кои живееме истовремено и на кои им вртиме грб за да преживееме и да можеме да се раскажуваме секогаш на нов начин. „Со морето мое и денес грб со грб – една вода сме/ и секогаш кога плете синџир од песок кон морето/ знајте дека јас секогаш ќе го потегнувам/ тој копнеж на залудноста, тој мир на немирот („Мир на немирот“, стр. 11). „Времето на љубовта е капка/ која копнее по својот океан“ (Тетовирано море“, стр. 10)

Нарацијата во поезијата на Борче Панов добива ново значење и манифестација – тоа не е класична нарација типична за прозата, туку сублимирана и стегната наративна единица со способност за имплозија во реципиентот обединувајќи ги сите афективни,

когнитивни и психомоторни процеси. Така, песната на Панов станува „отворен“ текст кој колку што е математички прецизен во поглед на означувањето, толку е и семантички богат и слоевит и бара од читателот да биде активно вклучен во процесот на читањето. Една таква песна е песната „Селска орхидеја“ во која сеќавањето од минатото станува одредница и појдовна основа за објаснување на необјаснивото, а со чии извадоци и ќе го завршам моето „читање“ нагласувајќи дека читателите на „Глочка школка“ имаат неповторлива можност за естетска рецепција на една свежа и длабока поезија која подигнува, облагородува и ги хуманизира дехуманизираните човечки односи и на таков начин станува и општествено ангажирана и тоа без да користи вулгаризиран и урбан речник и без естетизација на грдото, затоа што поетското Јас не ја изгубило вербата во човештвото кое и покрај сѐ има капацитет да се погледне од внатре преку очите на поетите и уметниците и да се рехуманизира.

„...одеднаш се пробудив на средината од прочитаното/ и пак почнав да мечтаам до крајот/ без да го дочитам напишаното// и тогаш се сетив на дебелата книга/ со која тато жолчно ме натепа/ оти повеќе сакав да војувам и да се помирувам со себе/ отколку да копам компири во полето// зашто не пишуваме за да се дочитуваме, туку за да почнеме да мечтаеме// долго време ја криев книгата под ќерамидите/ отворена и недолистена од ветровите/ а јас веќе морав да заминам во белиот свет// зашто напишаното не треба да го дочитаме/ зашто од средината на реченицата најубаво сонуваме// и така поминаа годините како дождовите/ и еден ден вратен во старата таткова куќа/ погледот ми го ишара лишајот на времето// и видов самоник цвеќе никнато на кровот - / селска орхидеја – лајкучка врз пустата куќа/ никната од средината на реченицата/ со која и денес со себе војувам и се помирувам/ зашто никогаш не ќе ја дочитаме книгата/ којашто в глава ни се листа без да знаеме/ и без да знаеме дека можеби утре ќе умреме“ („Селска орхидеја“).

КНИЖЕВЕН МОЗАИК

Жоел ВЕРНЕ, ФРАНЦИЈА (Joël VERNET, FRANCE)

УДК 821.133.1-32

Струготини од надвор

Зимско патување по Балканот

Во еден бар во Загреб, густо вино ми ја топли крвта пред да падне ноќта која доага брзо. Зима е со своите возбудливи сивила. Слушам возови што влегуваат во станица, шкрипење на тркалата врз стариот колосек кој се размрсува до бескрај. По неколку саати, од празниот перон ќе скокнам во вагонот. Мојот дух слободно ке летне во облаците.

*

Ако е жив, духот патува. Со возови, со автобуси. Не се мргоди на ништо. Утрово, капки дожд удираат врз стаклото од прозорецот, добро спиев, срцето ја чека брзината со која ќе го започне денот, удирајќи со тупаница по уличката од каде ни доаѓа вревата од автомобили, лудилото од автопатите. Кога ќе запрат човечките бучења што се будат со нас во сивото утро? Соништата го оставиле нивниот пасош во оваа соба на периферијата каде нѐ води една уличка. Духот се двоуми помегу желбата да замине, да остане. Сѐ е можно во време на зима. Едно девојче оди кон школото под еден голем чадор како под некоја купола што ја забележувам од прозорецот. Нејзиниот чекор е толку лесен што го снемува во утрото. Одеднаш, тоа е постаро од капката врз нејзиниот образ. Погледнува нагоре, за среќа не ме забележува. И мене ме снемува под светлината на автомобилите, утринската врева, желбата да заминам, да останам.

*

Ја чекаш иднината, не на колена, туку простум во застрашувачката светлина која умира помеѓу трамвајските шини по

кои одат големи гулаби со рѓосани дамки и извалкани шепи од градот и старите злоби. Рој кучиња ги влечкаат нивните господари и господарки со таква нежност што солзи ми навираат кога сонцето удира по стаклото: старците никогаш не се сосема сами. Доволно е да имаат куче на поводник и куќа да се згрижат. Можеше да останеш во собата, но ти тргна по добрите совети, можеше да ги броиш и пребројуваш часовите на тишината што капат капка по капка. Но ти повеќе сакаше да ја отвориш вратата, и да тргнеш по патеката на сонцето. Да не спиеш во топлиот кревет кога те повикуваат потресите од Надвор.

*

Мислата ти е во паника. Пишуваш седнат на работ од креветот во соба која е повеќе од една земја. Светлината на твоите прсти не ги брои границите кога светкаат рекламите вдолж патиштата, кога силуети поминуваат низ твојата меморија како сенки. Денот се вовлекува под вратата. Зрно прашина, зрно злато што ќе го запали листот хартија. На улицата, трамваите се магнетизирани со нивните слаби светла. Остатоци од ноќта се лепат на твоите глуждови, кучиња душкаат околу тебе, би сакале да ти ја зграпчат петицата. Одеднаш, помислуваш на неподвижниот пријател, на еден друг заминат во вечната ноќ и во твојата глава каска нешто расфрлано, како траги од врапче врз снег. Спелуваш знаци врз твоите усни на аналфабет. Ја чистиш меморијата на јазикот, потоа фрлаш трошки. Чекориш по улицата заедно со денот. Една глупава надеж те тера да сакаш сѐ што гледаш, слушаш, покажуваш, сѐ до длабоката тишина на катедралите каде се шетаат старци предвечер со скрстени раце одзади, уморна глава, вибрирајќи со музиката од оргули како тревата на брегот.

*

Го сакаше јазикот на едноставните, нивната несигурна реченица, нивното пелтечење. Се наведнуваше врз рамото на

просјаците, сочувствуваше со неписмениот кој го држеше весникот наопаку врз масата на селската кафеана оддалечена од сè, додека зборовите блескаа во неговите светли очи. Најпосле дојде времето на вечниот номадизам, на дивите преселби. Пишуваш со луда брзина, зашто времето е бездна која голта сè: гласини, трески, луди радости. Да ли е тоа една луда трка против смртта која демнее како мршојадец, крадејќи силуети? Куќната врата се затвори зад тишината. Ти си замина, фрлајќи го клучот во градината, со твоите нестабилни реченици. Не ја сокривај твојата неспретност, ниеден танчер не е совршен кога ги слуша глувите звуци на тапаните, кларинетите на последните цигани.

*

Селото нè пречекува на дното на заливот потесен од змеј што гори под сонцето. Бротчиња, чамци се нишаат полека врз брановите Пристаништето е мирно, само тивка бучава и ветерче си играат со едрата. Еден човек стои на врвот од еден јарбол, како стражар. Да ли го гледа зајдисонцето, ужасните перипетии, кавгите на векот и спокојните часови? Тој нема никогаш да го напушти островот, тоа си го вети уште како дете. Толку работа го чека овде под азурното небо, нема потреба да си ја шета судбината на друго место. Животот е убав, ако е прифатен. Насекаде маслинови дрвја, камените ѕитчиња им се спротивставуваат на временските непогоди што нè зачудуваат толку силно. Гласот на брановите го предупредува погледот, тоа се гласовите на нашите предци што ги слушаме. Гласовите доаѓаат од сите континенти, глуви или врескави. Што повеќе ги наслушуваш тие толку повеќе бегаат, однесени далеку, од онаа страна на вековите. Последната есенска пеперутка слетува на твоите прсти. Нејзиниот златен сомот не сака да исчезне. Уморена, таа ги шири своите крилја така што можеш да им се восхитуваш на двата виолетови круга и на жолтата боја која осветлува сè. Моето око, мојата рака се палат: Што претставува еден таков миг во бездната на твојот живот? Низ прозорецот го гледаш пристаништето, далеку, отаде заливот поубав од тишината. Грмотевици, облаци.

Посакуваме дожд зашто цвеќето венее во саксиите, овоштарниците паѓаат до земја, островот се распукнува. Зачудено гледаш како умира една пеперутка. Последна песна што ми ја дозволува патот: гласот на претците, гласовите на иднината. Еден бран ја завиткува пеперутката со својата бела пена, ја однесува, додека една слика бликнува во реченицата, со неколку слики од архипелази, пристаништа, бродови со огнени крила.

*

Минувајќи низ пазарот каде палаверат стари жени, продавачки со векови, во придружба на нивните ќерки, зетови. Нивните раце се вцрвенети од студ, изглодени од работа. Миризби се шират на местото постаро од сите нас кои гледаме овошје и зеленчук донесен од периферните градини. Погледот не знае каде попрво да се заврти слушајќи гласови кои повикуваат од антички, латински, грчки или други средновековни плоштади. Бродовите се прикотвени, криејќи ги нивните фантоми. Морето се разулавува, а вчера беше сосема мирно: погледот бара и најмал бран. Срцето подскокнува шетајки по улиците на старото пристаниште преплавено со галеби и гулаби толку вешти што и децата губат здив трчајќи по нив. Кој ќе те види тебе во приквечерието, со твоите тајни што ги носиш до в зори, во оваа улица со неизговорливо име кое сепак влегло во историјата, светли на страниците од книгите, додека ти не си никој? Никој е чекор во ноќта, поглед во денот, скок на срцето, слушање до пукање на ѕидовите.

Превод од француски на македонски:
Марија Бежановска Левавасер
Translation from French into Macedonian:
Marija Bejanovska Levavaser

Су СИНГ СИЧУАН, КИНА (Xu XING SICHUAN, CHINA)

УДК 821.518-1

Родниот град во песната

Често го гледам родниот град во мојата песна
Таму каде ликовите се скриени во полињата
заедно со времето и еден брз поток
таму каде врбата се наведнува под тежината на птиците
И виугите чад ги држат белите облаци
и животот во планината прошарана со расцветани цвеќиња

Во мојата поезија, Мајка ми е претставена
со најпочитувани зборови, нејзиниот повик
Секогаш како долга мелодија, која не може да се подреди, која ја буди
Мојата заспана ноќ и зимското сонце
И мојата изгубена младост и мојата инспирација
Татко ми рано си замина. Кога замина, со себе спакована
ја понесе и целата болка на семејството
Дури и тажните спомени за мојот роден град ги зеде
Па на гробот негов, секоја тревка за мене е спомен од минатото пресадено во ракопис
Сестра ми се омажи далеку, па сите свечени повици и кратки пораки
Потекнуваат од моите добри желби и грижа
На моите другари од детството можеби веќе и никој не се сеќава
Месечевата светлина се потпира на крајбрежјето и на звукот
По целото мое тело брзиот потокот веќе тивко
Ми се прикрил во многубројните стихови.

Доаѓам од весел урбан град

Благодарение на моето волшебно пенкало, кое ме тера да се паркирам во топлото село на песната што се бранува, која е превртена слика на мојот град
Како трага од смарагднозелен поглед
длабоко пенетрира во мојата слатка носталгија...

(Превод од кинески на Венг Гуангјуан)

СТАРИОТ БУНАР ВО МОЕТО СЕЛО

Таму се наоѓа стариот селски бунар
Родител на сите луѓе, исто како и татковината
почитуван и заштитен од сите што
дури и најстрашната суша не ја секнала неговата
радост и песна

Потоа се стресе земјата и го закопа стариот бунар пред две години
Ги погреба и среќните денови на луѓето
Во длабоката темна ноќ
татко ми верна душа каква што е
И покрај шокот за сопругата по земјотресот
Сам со една лопата
копаше повторно дур не стигна до вода
Потоа легна на калливата карпа
Да го исуши и уморот и стравот

Сега околу бунарот цветаат грмушки
А покрај нив и врбата на татко ми продолжува да расте
Посевите добро растат залеани со водата од бунарот
Старецот можеби одамна ја заборавил оваа приказна
Но и тој самиот е сè постар со секој изминат ден...

Препев од англиски на македонски: Силвана Нешковска
Translation into Macedonian: Silvana Neshkovska

Константин СЕВЕРИН, РОМАНИЈА (Constantin SEVERIN, ROMANIA)

УДК 821.135.1-1

Ќе бидеш слободен само во универзумот на јазикот

Се откажав од сите маски
и почнувам да ја живеам мојата иднина

во сегашноста која трае од дамнина
аџија на кружно време

Поканив четворица пријатели со мене
еден Американец со возвишен дух
на една цивилизација од спацијални значења
фасцинирaн од полнотијата
материјалното
балансот
брзината
надворешноста
позитивизмот

еден Европеец со проткаен дух
на една цивилизација од привремени значења
под власта на нестабилноста
недопирливото
нематеријалното
внатрешноста
метафизиката

еден Африканец со горлив дух
на една цивилизација од прастари значења
опкружена со исконски морници
митското

допирливото
статичното
архаичното
имплозивното

еден Азиец со волшебен дух
на една цивилизација од архетипски значења
преобразени од традициите
непроменливото
естетското
хиератичкото
безвременото
отелотвореното

Американецот е гениј на просторот
Европеецот гениј на времето
Африканецот гениј на предците
Азиецот гениј на архетипското
но секој од нив чувствува гадење од бесконечноста
во оазата наводнувана од кружното време
па се себепрогонија

ангелот чувар
ми вели
дека во светот управуван од маскирани луѓе
можам да бидам слободен само во универзумот на јазикот

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Жарко МИЛЕНИЌ, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА (Zharko MILENIKJ, BOSNIA AND HEREGOVINA)

УДК 821.163.4(497.6)-32

Капа

Моите браќа Милан и Младен не зборуваа две години. Не можам да се сетам што беше повод за тоа. Веројатно Милан, средниот син на мама и тато, го удри Младен, најмладиот син, и затоа овој престана да зборува со него. Не знам зошто го удри. Се сеќавам дека тоа и не се случуваше баш така ретко.

Се сеќавам и на тоа дека Младен, заради шлаканиците од Милан одма ќе му се пожалеше на тато. Потоа овој ќе го плеснеше Милан и со тоа спорот ќе беше завршен. Еднаш се случи Милан, после жалбата од Младен, истовремено да добие две шлаканици. Во левиот образ од тато, во десниот - од Младен.

Секако Милан не смислуваше како би му вратил на татка си за добиената шлаканица со своја шлаканица, но планираше кога ќе зграби прилика да му ја врати шлаканицата на Младен.

Значи, не е тешко да се погоди зошто Младен одлучи да не зборува со Милан, но не можам да се сетам зошто не зборуваше со тато. И тоа дури две години. Истовремено не зборуваше со двајцата. Зарем него истовремено го удриле и двајцата? Не верувам дека се случило тоа. Нешто друго беше во прашање. Или не постоеше ни конкретен повод? Веројатно на Младен му се насобрало и одлучил да не зборува со татко ни и брат ни истовремено.

Било што било, молчењето го започна Младен и издржа во тој луд наум цели две години.

Сите мои настојувања тоа да се прекине, останаа без резултат. Младен се инаетеше, а Милан го прифати тоа како факт. Иако Милан е постар од Младен четири години, не се потруди да се прекине незборувањето. Меѓу нив немаше директна комуникација. Јас, пак, зборував со двајцата. И со татко ни, секако.

Кога ја купив мојата прва машина за пишување, Милан, додека бев на училиште, со неа ми ја напиша оваа порака:

Марко,

Не знам само како ти падна на памет да му дозволиш на Младен да ја користи твојата машина за пишување! Слушнав кога ѝ рече на мама дека ти си му дозволил. Дали е вистина тоа?

Зарем чавка ти го испила мозокот? Зарем заборави дека што и да дофати штетникот Младен тоа ќе го расипе и упропасти?! Зарем заборави како ми ја среди гитарата?!

Твојот брат Милан.

Кога ми беше роденден, Младен ми подари албум за фотографии. На него напиша посвета: „На мојот најмил брат Марко“. Ме чуди дека не напиша - на мојот единствен брат Марко. Сепак ми беше мило дека Младен, според посветата, сепак индиректно тврди дека има уште еден брат, макар помалку мил.

Молчењето го започна Младен и тој и го прекина.

Еве како се случи тоа. Татко ни секој ден се возеше на работа со својот велосипед. И на дожд и на снег. Немаше навика да носи капи, но во зима сепак носеше капа додека се возеше со велосипедот. Татко ни си имаше волнена капа. Тој ден не ја најде на закачалката и ја зеде првата што ја здогледа.

Тоа го забележа Младен и извика:

- Не ја гибај мојата капа!

Татко ни не рече ништо. Разлутено ја фрли капата на подот и отиде на работа гологлав.

Превод од хрватски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translated from Croatian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Катја ЕРМЕНКОВА, БУГАРИЈА

УДК 821.163.2-1

Бели рози

„Парите од продадените рози ќе ги
помогнат гладните деца во Африка”
Натпис на тезга за продажба
на цвеќе во Холандија

Госпоѓице, ти која што поминуваш со
пуфестото кутренце низ огромниот плоштад,
купи си бела роза за црното дете.
Едно безаштитно дете
умира од глад во пустината.
Мувите го лазат
а мешето му – издуено
како балонче,
ќе се пукне и ќе одлета.

Госпоѓице со сладолед во раката,
купи си бела роза
за да го спасиш детево.

Една бела роза
може да го краси твојот дом
и тој да мириса на градина
кога ќе си го пиеш утринското кафе.
Една бела роза ќе ти приспомнува
на поседите на дедо ти
кога си трчала со долги плетенки
и сребрени панделки во алеите со рози.
Госпоѓо, купи си бела роза
за да го спасиш детево.
Господине, пропушти едно кафе,
пропушти една цигара,
пропушти го мразот во попладневното виски

покрај каминот
и купи си бела роза.

Една бела роза плаче
со човечки солзи: „Купете ме, господо,
зашто јас сум откината,
но можам да му дадам живот
на едно дете што умира...”

Розите мирисаат на јасмин,
на јоргован, на диви темјанушки и јаглика,
на сите цвеќиња низ градините на целиот свет.
Кога ноќе се љубите
една бела роза ќе гори како свеќа
и ќе ви ја осветлува љубовта.

Реките се полни со крокодили,
пустините со змии,
а воздухот со микроби,
животот со смрт, заситеноста – со глад.
Госпоѓице, купи си бела роза
за да го спасиш детево
што лежи полумртво.

Оченцата му се затвораат,
по устичката му лазат муви
и гладот е пострашен од змија
која бара млеко од неговите усни,
но ќе најде само песок
и ќе одмине.

РОЗИ ВО СНЕГОТ

Најубавите рози
цветаат зиме.

Листенцата им се корави
за да го сочуваат пламенчето
на животот.
Аромата им е силна
како парфем на жена
која сака да се љуби.
Сѐ веќе е пусто
но, розите цветаат.
Во градината нема цвеќе но, има рози.
Птиците одлетаа
но, розите тука останаа
како птици да пеат во градината.
Врнеа дождови, беснееја бури,
животот го однесоа
во морињата и океаните
но, како пламенчиња
од изгаснати вулкани
горат запалените рози во снегот.
Розите расцутени
се како циганчиња кои се борат
со премрзнати раце и усни.
Колку се убави
црните и премрзнати циганчиња
на белиот и студен снег!
Да не сте гладни, мили?
Нема кој да ве нахрани,
летото си отиде.
Да не ви е студено?
Нема кој да ве стопли,
сонцето си отиде.
Сега сте само црни рози
расцутени во снегот...

Препев од бугарски на македонски: Иван Топалски
Translation from Bulgarian into Macedonian: Ivan Topalski

Весела ЧОБАНОВА, БУГАРИЈА (Vesela CHOBANOVA, BULGARIA)

УДК 821.163.2-1

Морски песок

Боса сум.
Барам сончев блесок
Во дождлив ден.
Вникнувам низ дрвото
Кое раззеленува
и најавува живот.

Јас сум бебе, го пронижувам
воздухот со рев.
Жеднеам за пролетен бран
Го расчепкувам зимскиот студ.
Јас сум мало дете –
поставувам прашања,
а одговорите остануваат
скриени во ореова лушпа –
не можам да ја скршам.

Со силата на брановите
се удирам во морскиот песок.
И повторно трчам низ локвите дожд,
И се огледувам во нив како во огледало.
Боса сум.

КАЈЧЕ

Розата мириса
се шири нејзиниот мирис

како невидлива птица
над мене.
Реката тече
и ме носи по нејзиниот тек.
Во кајчето сме
само јас и розата.
Го гледам нејзиниот одраз
во кристалните води.
Нејзините лисја паѓаат во вода.
Ветерот, тревата,
воздухот, земјата зеленеат.
Само една црвена струја
продира под синото небо.
Дали од мирисните црвени лисја,
или од моето прободено срце –

Не знам.

ДА МОЖЕВ ДА ПРЕГРНАМ...

Посветено на децата во сиропиталиштето во Богота, Колумбија

Во светлината на денот приоѓам кон тебе –
светлината и топлината ме обземаат,
со мириси на цвеќиња.
Зашеметена сум од погледот твој.
Децата се собираат околу нас –
со големи очи, валкани лица
и искинати облеки.
Да им дадам леб, да им ја нахранам душата,
Да им дадам прегратка, да им ги нахранам срцата.
Бакнеж и „Те сакам“,
Нечуени се досега.
Но, како сите да знаат и чувствуваат што е љубовта,

што е да се биде прифатен и сакан.
Ах, да можев да ги прегрнам сите заедно.
Дете без мајка.
Дете без семејство.
Дете без љубов.
Дете – беспомошно, гледало само омраза.

Децата без љубов се како суви цвеќиња,
израснале без сонце и вода.
Од леб ќе живееш броени дни,
а од љубовта – Вечно!

Антје СТЕН, ГЕРМАНИЈА – ИТАЛИЈА (Antje STEHN, DEUTCHLAND – ITALY)

УДК 821.112.2-1

Демонот на Сократ и Кант

Која е разликата
меѓу демонот на Сократ
и категоричниот императив на Кант?
Едниот танцува –
другиот повлекува прави линии
и секој од нив има сопруга
дома
која им подготвува
ручек.

ДА СЕ ЖИВЕЕ БЕЗ ОГЛЕДАЛО

Да се живее без огледало
значи да се живее без
совршената слика
на зачудувачката
реинкарнација
на сите наши претходници:
морската sвезда
медузата
морскиот еж
собрани во
мојата слика
превртена наопаку

ВЕТУВАЊЕТО НА СЕМКИТЕ ТОПОЛА

Бестежински се тие
со вистински
малечки раце и стапала
се вртат ли се вртат
во пролетниот ветер
и пелтечат:
ver - ver - verlernen
од – од – одучи,
заборави сѐ што знаеш
заборави ги имињата
формите
боите,
мирисите,
звуците,

заборави и
почни од земја:
лазејќи на сите четири
едно дете ги собира
меките свежи семиња
за да направи нова облека.

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Сабрина ДЕ КАНИО, ИТАЛИЈА (Sabrina DE CANIO, ITALY)

УДК 821.131.1-1

Леб

Би сакала да можев да ги зачувам сите делчиња на едно место,
како што гроздот ги чува гроздовите зрна,
и да не ги изгубам ниту годините ниту пријателите,
ниту долгообожуваните љубовници,
и да продолжам да го вдишувам мирисот
на свежо испраната облека од мајка ми
и аромата на нејзиното топло млеко за појадок.
Но овој живот е како леб
кој се рони при секој касај;
ако за миг го оставиш
секој што ќе ја чисти масата
набрзина ќе го измете во неповрат.

ВО СКУТОТ НА ВРТОГЛАВИЦАТА

движењата со четката се божествени
врвот е длабок
куполата е бунар
воздухот зрнест како руина.
Sвездите во sвезди
сјаат
зашто еден поглед оддалеку
ги пали
и срцето трепери
висејќи од балконот
без корења.

НА ГРАНИЦАТА

На границата
што го спречува патот
болки во нозете
продупчени од стапалки
за да ја направат линијата
на срамот
како уредни вагони
што чекаат ништо.

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Елизабета БАЉИ ИТАЛИЈА-ШПАНИЈА (Elisabetta BAGLI, ITALY – SPAIN)

УДК 821.131.1-1

Праизвор

Кој знае дали го слушаш овој жубор
Што ги движи ѕвездите и морињата
И ги олеснува вратите на времето,
Кое алчно и немилосрдно
Го згуснува црнилото и среброто на светот.

Кој знае дали ја слушаш плодната песна на Вселената
Кога ги разотвора своите сили
И дозволува да дише убавината на зората во процут
И генерира гола и безгрижна љубов
На грабливи врапци и љубовници во делириум.

Кој Знае дали сето ова е сон
Или пак животот го извикува твоето име,
Одекнувајќи го неговото ехо
Во проблеснатиот горски воздух,
Преминувајќи реки и годишни времиња,
Калапејќи вино и крв
Во исчезнувањето на светлината
Што станува танц и звук
И станува тело и лице.

Тоа е праизворот, тоа е животот.
Тоа си ти.

БРОДОВИ НА НАДЕЖТА

Тие се бродовите на надежта
оние што пловат по морињата

во долготрајниот мрак
на оној кој очајнички верува во сонцето,
додека голиот ветер
ќе го изненади во ноќта,
кога огледалата на земјата
засекогаш ќе ги згаснат
светлечките копнежи на месечината.
Тие продаваат сешто
на безмислосни џелати,
на валканите сопственици
на нивните дестинации.
Како стадо од добиток
во миграција,
со знаци на измачување
на рацете, на главите;
со свежи лузни на стомакот
од насилството претрпено на полињата,
од горчливиот и груб секс
принесен како дневен леб
за слабиот кој проголтал
парчиња крзно во потрага
по својот длабок сон
на лебдечкото скршено дрво
кое тие нема често да го допираат.
Малкумина ќе оживеат,
многумина ќе ги извалкаат рацете со крв.

Превод од италијански на англиски јазик:
Елизабета Баљи
Translated from Italian into English:
Elisabetta Bagli

Превод од англиски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translated from English into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Лидија ЧИЈАРЕЛИ, ИТАЛИЈА (Lidia CHIARELLI, ITALY)

УДК 821.131.1-1

Мојот течен свет

(сред ветриштата на војната)
на Дилан Томас

Овој пепелав ден во март
се отвора со разиграни сенки -
слики врежани во воздухот
на Пролетта што сè уште е многу далеку.
Притаена магла ме обвива
во крешендо.

Меѓу одгласите во суптилна вибрација,
Дилан, научи ме да се засолнам во
мојот течен свет

научи ме да го чувствувам пулсот
на плимите и осеките што непрестајно
се одлеваат и течат

И додека времето и просторот се втопуваат
во праисконскиот рик на океанот

научи ме да одлетам, со тебе, од
*празнината ... на оваа збунетост на тоа лудило**

* од: *Иако по мојот збунет пат*[5]

[5] од Дилан Томас (Dylan Thomas), во оригинал: “Although through my bewildered way”

ФЕВРУАРСКА МАГЛА

Во чест на "I genitori perduti" од Lawrence Ferlinghetti
(24 март 1919 – 22 февруари 2021)

На Вашингтон сквер
каде што исчезнува првата светлина,
а галебите се господари на ветрот,
го најде своето семејство
денес.
Збунетост и тишина во секој твој здив.
Избледената насмевка на твојата мајка те поздравува
во утринската магла,
а твојот татко се врти кон тебе
додека го слушаш
пригушениот повик на твоите браќа.

Потоа низ прекривка од пареа
сите заедно лизгате
кон сивиот хоризонт
– екстремни, безгранични простори –
кон тој вакуумски вител
сè подалеку и подалеку

Превод од италијански на англиски јазик:
Лидија Чијарели
Translated from Italian into English:
Lidia Chiarelli

Превод од англиски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translated from English into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Глорија МИНДОК, САД (Gloria MINDOCK, USA)

УДК 821.111(73)-1

Превез

Врзи ми ги очите за да не ја гледам штетата,
мртвите тела, крвта на земјата.

Цврсто стегни ми го превезот преку очите
за да не ги гледам руските тенкови.

Продупчете ми ги ушите за да не ја слушам сирената што го најавува доаѓањето на проектилот.

Врзете ми ги рацете за да не одземам живот. Бог не би сакал тоа да го сторам.

Врзете ми ги нозете за да не избегам и за да не одлетам од мојот дом.

Натерајте го моето срце да не чувствува загуба, тага и жалење пред да ме обземе тоа силно.

Војниците ги убиваат и моето семејство и моите пријатели.
Им ги пресекуваат гркланите и ги палат. Го знам јас ова.

Тргнете ми го превезот
Одврзете ми ги рацете
Вратете ми го слухот
Дајте ми оружје.

ВРЕВА

Гледам во темнината но не гледам ништо.
 црнотијата дозволува мојата имагинација да избувне –
умножувајќи се...

Кога се слуша врева
нејзината моќ ме обзема.
Од каде ли доаѓа?

Слушањето може да стане навика.
Тешко да се скрши.
Сакам тишината да излезе на овој
ноќен воздух.

Опуштајќи ги рацете на мојот кревет,
нишајќи се за да заспијам...
се вгнездувам во неа.

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Хани РУВЕЛЕР, ХОЛАНДИЈА (Hannie ROUWELER, NETHERLANDS)

УДК 821.112.5-1

Поетска недела од 28 јануари до 3 февруари 2021

Поезија цела недела. Кого го усреќувам со тоа?
Се прашувам. Сигурно не мојот сосед со кој штотуку разговарав
во ходникот со торба полна зеленчук. Ниту другиот сосед
кој прима дневна посета од Домот за стари лица.
не ја усреќувам мојата мачка, која повеќе сака да биде галена
ниту мојот зајак кој повеќе сака морков, ниту рибата
која повеќе сака чиста вода во аквариумот.

Имам цела една недела да напишам песна
за оние кои не сакаат да ја прочитаат. Добив телефонски повик
ниту еден збор за поезијата не беше речен, ниту половина збор. ниту дека е добра проза. Само што ја зедов поштата од поштенското сандаче, немаше таму ништо да се најде исто така, што укажува на нешто што е поразлично од тоа самото, содржината која те тера да мислиш за броевите повеќе отколку за што било друго.

Станувам од креветот. Се обидувам да го исчистам мојот ум и да го донесам до убавина, потреба, рефлексија. Еден глас кој отстапува и се поклонува на неискажливото, гест што покажува кон нешто во далечината, повикот на скриената птица во ноќта. Поетската недела ќе треба да го допре срцето, да ја издигне реалноста до степен да може да пее. Полифонија што е над границите.

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Санкар САРКАР, ЗАПАДЕН БЕНГАЛ, ИНДИЈА (Sankar SARKAR, WEST BENGAL, INDIA)

УДК 821.214-1

Песна за вакуумот

Вакуум вакуум вакуум
Насекаде е вакуум
Сѐ се чини дека е вакуум
Дури и јајце-клетката пее за вакуумот
Душата е вакуум за самотијата
Срцето е вакуум за љубовта
Животот е вакуум за нерамнотежата
Помеѓу апстрактното и конкретното
Модерното го еродира хуманото
Како киселината што го кородира мозаичниот под,
Вакуумот се враќа како ехо преку срцето на каменот
И шепоти, стенка и се пени
Во метаморфичкиот дизајн на фениксот;
Модерниот живот како Содома писка во агонија
Од матка до гроб
Животот гребе наоколу во своето постоење
За зракот надеж да живее;
Ништо не е над вакуумот
Сечие тело и крв се чини дека се вакуум
од максималната до оптималната вредност;
Што не е вакуум?
Ти и јас сме ехо на вакуумот
Секој атом и молекул пее за вакуумот
за да ја одржи симфонијата во какофонскиот свет;
Ништо не пулсира, сѐ лежи како ѓубре
Како вакуумот да значи дуел меѓу животот и смртта

ИСТО НЕБО

Немој да заборавиш
немој случајно да заборавиш
дека ние или сме пријатели или непријатели
никогаш не ќе заборавиме
дека сме разговарале
како воздухот и белите дробови, телото и душата,
умот и емоцијата
не можеме да заборавиме
како што земјата не може да го заборави дрвото
и дрвото – сонцето;
не можеме! никогаш нема да бидеме осамени
како остров!
ние сме плодна почва
од која никнува вечнозелената флора
на љубов и човечност
за да го прегрне универзумот!
немој случајно да заборавиш
дека сме поврзани од јазолот на релативноста
илјадници врски нѐ спојуваат
како папрати и фауна
како што светлината и темнината
нѐ осветлуваат и нѐ затемнуваат
и пак сме група од долга традиција што тече
во бескрајните вени на создавањето!
Исто небо држиме како меморијален споменик
посипано со ѕвезди над главата
го прогонуваме овој свет, овој простор
и бескрајниот брег на мистеријата како туѓинци
Како безбројните живи точки на божествениот график
човечка мапа сме
Не можеме да се заборавиме еден со друг
Поврзани сме среде предците или астралното

Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

Олга ЛАЛИЌ-КРОВИЦКА, ПОЛСКА (Olga LALIĆ-KROWICKA, POLAND)

УДК 821.162.1-1

***

понекогаш стравот
со детски раце продира низ моите гради
а јас залудено му верувам.

Се чини дека тоа е само забрането претчувство
за она што би требало да излезе
но не може
бидејќи рацете за градите се фатени со страв
а јас само верувам
и верувам
бидејќи животот понекогаш знае добро да игра
ако си занесен
и правиш од ноќта ден
а од детето сон.

***

мојот десетгодишен син
се вика Бол
веројатно сака да се врати
таму од каде што дошол
т.е. во мојата внатрешност
сака да се скрие
да облече пижама
и да спие мирно
до следното будење
нека спие топло
ќе му пуштам најубави приспивни песни
ќе му шепотам на уво

ќе го покријам со најтоплото ќебе
ќе му го ставам мечето со кое често си играше
тивко ќе ја затворам вратата

***

ја затрупав душата во радиото
зборува на илјада станици
во меѓувреме исечкав морков
ги слушнав вестите на душата
морковите ги ставив во тенџере
нека се сварат!
добро ги посоветував
го исклучив радиото

***

дали солзите на поетот
со ангелски бол
окружуваат крилја
со својот воздив

постои и и постои а
постои вечност
без букви
не додавај ништо
и и а нека
ја запишат поезијата на ангелите

Превод од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translated from Serbian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Алиција МАРИЈА КУБЕРСКА, ПОЛСКА (Alicja MARIA KUBERSKA, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Зора

Разбуди ме
Внимателно и нежно.
Дувни го ветрот
Од моите клепки.
Тогаш ќе видам
Како поларната светлина со розови прсти
Ја сече темнината на ноќта
И го осветлува синото небо.

Сите птици, свиени во гнездата,
Ќе ја пеат химната за зората.
Првите, топли сончеви зраци
Ќе ги бакнуваат ливчињата на заспаните цвеќиња.
Ова е чудо на денот новосоздаден.

Добро утро

ВОЗ

Се качив на возот на животот
Без ништо,
Без алишта,
Без чувства,
Празен лист хартија.
Впивлива хартија што апсорбира сè.

Ќе се симнам оптоварена со купишта
Спомени и впечатоци.

Ги спакував внимателно.
Некои избледеа, како
Мастило од стари писма.
Ги врзав со разнобојна лента.
Белите се моите
Несуштински сеќавања
А црните се тешки и трауматски.

Сретнав многу патници
На ова долго патување
И луѓе кои цел живот на туѓи грбови се влечат,
Луѓе прибирани
На различни железнички станици.

Секоја средба,
Дури и оваа, најкратката,
Како сончев призрак или
Првкање на крилца на пеперутка
Ја збогати и ја наполни мојата торба од искуства

Превод од англиски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

Translated from English into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Ева РАДОМСКА, ПОЛСКА (Eva RADOMSKA, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Мајка и ќерка

Кога умира мајка
Златна нитка љубов
Како нова папочна врвка
Се растегнува меѓу
Небото и земјата
Јас сум овде а таа таму
Јас овде живеам за двете
А таа таму за двете умира.

ЗА СРЕЌАТА

Среќата пристигна нагло
Во еден миг во собата беше јасно
Дека нема причина
За среќа
Но среќата е таква
Пристигнува без причина
И без причина заминува

СТАРИ БЕТОНСКИ ЗГРАДИ СО ПРОЗОРЦИ НА МЛАДОСТА

Испловува мојата младост
Проколната во бетонските згради
Се црнее големата плоча
А во неа влегува и
Новото време
Сè повеќе има пластични прозорци

Со убави завеси
Луѓето отпочеток го замислуваат
Својот живот
Но во секоја зграда
Постојат неколку прозорци
Недопрени од новото време
Со пожолтена стара фарба на рамката
Нив ги сакам најмногу
Тие се нем сведок
На таа чувственост и сеќавања
Се вселувам во зградата
Во неа има лифт
Во неа има бања
Во неа е топлата вода
Во неа е современиот живот
Таму од десеттиот кат
Се гледа панорамата на градот
Сета негова моќ
Со која сака да се идентификува
И да го преземе неговиот домет
Како начин на живеење
Во тие прозорци ја барам
Мојата младост
Која непрестајно се спушта со лифтот
Сè подолу и подолу...

Превод од полски на српски јазик:
Олга Лалиќ-Кровицка
Translated from Polish into Serbian:
Olga Lalić-Krowicka

Превод од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translated from Serbian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Билјана МИЛОВАНОВИЌ ЖИВАК, СРБИЈА
(Biljana MILOVANOVIKJ ZHIVAK, SERBIA)

УДК 821.163.41-1

Ти, меѓутоа

(На Милош Црњански и сопатниците,
по повод стогодишнината од објавувањето на Стражилово)

ОБРАЌАЊЕ КОН МИЛОШ ЦРЊАНСКИ

СМРТ ВО ВЕНЕЦИЈА

Гондоли сум видела одамна
Во Венеција што синее,
не те следев тебе, Милош,
ниту Томас Ман,
по мојата sвезда патував
Тебе случајно те сретнував.
Со друг маж
Венецијански маски испробував
пред огледало,
Ниедна не ми одговараше.
Јас немам маска, ја вадам и кожата од лицето
Искрена до крв
Бидејќи на крајот
Човечкиот живот е: свенат лист,
Мешање со земја и скршени карпи
Хумус за животни и идни гнезда
Што ќе се свијат на мојот гроб.

КАДЕ ДА ОДАМ

А каде сега, Милош,
Каде да одам? Кај кого?
Како да заминам, а да ги оставам
Оние кои зависат од мене?
Писмата од Тоскана сега не ми помагаат
Туристичките бегства се бескорисни.
Јас морам да заминам – за да преживеам.
Јас морам да се вратам – каде и да одам.
Егзил сега добро би ми дошол
Но ја немам таа привилегија,
Не сум доволно опасна по државата.
Опасна сум единствено затоа што мислам
И затоа што не битисувам во крдар.
Патуваме за да се вратиме на себеси
И во себеси. Од себе во себе, Милош
Толку би сакала да побегнам, засекогаш.
Кому ме остави?

Превод од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска

Translated from Serbian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Лабуд ЛОНЧАР, ЦРНА ГОРА (Labud LONCHAR, MONTENEGRO)

УДК 821.163.4(497.16)-1

Некои утра доаѓаат така

Некои утра доаѓаат така
в пролет рана
завиткани во пупки од бадем,
дрен и џанки,
со птичји пој,
тага во градите,
со сеќавања на љубовта
од далечните патишта,
со неизречените зборови љубов
и едно око плачно.

Доаѓаат така некои утра
и подмолно татат во градите,
подмолно молчат под перницата и
фрлаат сенки од лице мило
брз белиот таговен таван.

И јас молчам,
молчам,
Чекам,
Чекам,
Чекам да запее
Таа малечката, шарена, птицата на прозорецот –
а магијата на едно обично утро
да им даде смисла на сеќавањата
и љубовта.

Некои утра доаѓаат вака

Кога ја чекам таа птица мала
Да пее и сите спомени
Да ги спојување со пролетта рана
со пупки од бадемите
дренот и џанките -
да попушти болката во градите.

Доаѓаат некои утра така...

ГО ОБЛЕКУВАШ ДОЖДОТ

Го облекуваш дождот
Како невидлива наметка
За да ги скриеш виножитата
Нозете од брезите,
Птицата малата црна и
Чевличките од стакло.

Го облекуваш дождот
Како ноќница
На рамењата голи
И твојот змиски грб
Станува есенски капут
Проткаен со магла.

Го облекуваш дождот
Како кринолин и
Го листот од орев газиш
Со стапалото мало,
Додека пердувите на гавранот
Ги користите ко ладало
За да ги скриеш очите свои.

Го облекуваш дождот
И северецот студен,
Во обидот неуспешен -
Бакнежите мои да ги измиеш
Од стомакот твој ...

Препев од српски на македонски јазик:
Борче Панов
Translation from Serbian into Macedonian language:
Borche Panov

Хакија КАРИЌ, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА (Hakija KARICH, BOSNIA AND HERZEGOVINA)

УДК 821.163.4(497.6)-1

Рацете на тато

Ги извишија годините
Грижи и стравовите
Тој со нив
Не израсна нас
Нејаки

Носеа товари
На телото и душата
Тие трепетни
Сѐ искусиле

Рацете на тато
Крововите наши
стреа за од
дожд, тага
и погледи туѓи

Рацете на тато
Нескршливи
Основи
На нашите скелети

Препев на македонски јазик: Борче Панов
Translation into Macedonian language: Borche Panov

Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА-ШПАНИЈА (Germain DROOGENBROODT, BELGIUM – SPAIN)

УДК 821.112.5-1

Без услишение

Нејзините раце се раширени
како да сака да ја прегрне небесата
Мајката од Авганистан моли за храна
за своето прегладнето дете.
Но нејзините молитви
не го допираат ниту чоовекот
ниту небото.

***

РАЈСКАТА ГРАДИНА

Рајот
не бил изгубен
сите овие векови
тој продолжил да постои
но не за сите.

Translation by the author and Stanley Barkan
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

ТРАГИ

Бурата се смири:
зрнцата песок се смешаа

со алгите на плажата,
трагите на побеснето насилство.

Но не запира беснеењето на другите места:
куќите се запалени
таму не лежат алги
таму лежат мртвите
како крвави траги
на една убиствена војна.

НАДЕЖ

Зима е:
свежиот ветер ги откина
последните лисја од дрвјата
кои порано им беа заштита
и место за престој на птиците.
Се тресат тие на студеното
но сѐ уште свиркаат
бидејќи тие исто така се надеваат
на подобри времиња.

Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод на англиски: Жермен Другенброт и Стенли Баркан
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 726

СТАРА ЧАРШИЈА (СКОПЈЕ)

Колку мирна е оваа вечер
што ги забавува дури и
сенките на ноќта
сеќавања
чисти како водата
од оваа фонтана
што испушта меурчиња и тече
испушта меурчиња и тече
како секоја капка
да е од иста вода
а не постојано повторување
на сеќавањето.

Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Translation from English into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

Превод на англиски: Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Од: "The Ephemeral Flower of Time"
POINT Editions – Boekenplan

ITHACA 736

Агрон ШЕЛЕ, АЛБАНИЈА – БЕЛГИЈА (Agron SHELE, ALBANIA – BELGIUM)

УДК 821.18-1

Расцутија пупките

Расцутија пупките.
Ги истакнаа усните на пролетта со
своето лудо црвенило.
Го бакнуваат зефирот
за да ги оддиплат цветните ливчиња едно по едно
еруптирајќи во цут од пазувите на земјата.
Ја капнуваат тие крвта од нивните души од вените
за утрешниот ден да биде
со уште повеќе љубов.

Translated by Merita Paparisto and Stanley Barkan
Превод на англиски: Мерита Папаристо и Стенли Баркан

Translation fom English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 720

Ирма КУРТИ, АЛБАНИЈА-ИТАЛИЈА (Irma KURTI, ALBANIA-ITALY)

УДК 821.18-1

Самотија

Самотијата зачука на вратата
од мојата соба— број триесет и три.
Досадата влезе во мојот кревет
како голем досаден облак – тивко.

Чаршафите беа празни парчиња хартија.
Никој немаше таму за да се грижи за мене.
Немам кому да се јавам.
Јас сум само странец во оваа земја.

Го запрашав мојот одраз во огледалото:
„Зошто ми се усниве и очиве
оваа долга и убава коса
кога никој ниту ги бакнува ниту ги допира?”

Irma Kurti (Albania-Italy)
Ирма Курти (Албанија-Италија)

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska

ITHACA 721

Тарас ШЕВЧЕНКО, УКРАИНА (Taras SHEVCHENKO, UKRAINE)

УДК 821.161.2-1

Тестамент

Кога ќе умрам, закопајте ме
во гробот
среде широките степи
на убавата Украина
за да ги гледам широките полиња
и Днепар и карпите
— да го слушам нивниот рик!
Кога таа ќе ја носи крвта на непријателите
од Украина до синото море,
ќе се кренам јас тогаш од полето.
Сè ќе оставам и до самиот Бог
ќе стигнам
за да може да се моли . . . но пред тоа да се случи
не знам јас за Бог.
Закопувај и воскреснувај,
крши ги своите окови
и наводнувај ја слободата своја
со злата крв на непријателот.
И не заборавај да се напиеш за мојата душа,
сети се на мене како изговарам љубезен тивок збор
во големото семејство,
во новото слободно семејство.

Translated into English by Daria Mishueva – Stanley Barkan –
Превод на англиски: Дарија Мишуева, Стенли Баркан
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska

ITHACA 722

Табасум ТАМИНА ШАГУФТА ХУСЕИН, БАНГЛАДЕШ (Tabassum TAHMINA SHAGUFTA HUSSEIN, BANGLADESH)

УДК 821.214.32-1

Слободни ли сме како пеперутки?

Слободни ли сме? Пеперутките се слободни.
Слободни се да летаат над земјата
И да гледаат со презир на добитокот
И да се одмораат на цвеќињата
И да ја вкусуваат нивната есенција
И да ги чувствуваат нивните мириси.
Слободни се да слетуваат на дрвјата на кои птиците живеат
А бувот се качува и го лови својот плен ноќе.
Пеперутките можат да ја гледаат змијата како се лизга на земјата.
Пеперутките се слободни.
Слободни се да скитаат насекаде —
сеници, гробишта, улици,
каде и да посакаат.
Слободни се да слетаат на земјата,
да нѐ допрат и да направат да се чувствуваме благословено.
Слободни ли сме?
Кога само нашите души би биле слободни како пеперутките.

Translation into English by the author, Stanley Barkan
Превод на англиски: авторот, Стенли Баркан
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska

ITHACA 723

Мигел ХЕРНАНДЕЗ, ШПАНИЈА (Miguel HERNANDEZ, SPAIN)

УДК 821.134.2-1

Прва песна

Полето се повлече
гледајќи дека се работи за човечки
конвулзивен напад.
Каква гола бездна лежи
помеѓу маслиновото дрво и човекот!
Животното што пее:
животното што може
да плаче и да закоренува
се сеќава на своите канџи.
Канџи што си ги покриваше
со мазнотија и цвет,
но кои, на крајот, почнува да си ги носи
во сета своја суровост.
Пукаат тие во моите раце.
Држи се настрана од нив, момче.
Подготвен сум да ги заријам
во твоето меко месо.
Сум се претворил во тигар.
Тргни се настрана или ќе те раскинам.
Денес љубовта е смрт
и човек човека го чека во заседа.

Translation into English: Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод на англиски: Жермен Дрогенброт, Стенли Баркан
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
ITHACA 724

Реј БЕРОА, ДОМИНИКАНСКА РЕПУБЛИКА – САД (Rei BERROA, DOMINICAN REPUBLIC – USA)

УДК 821.134.2(729.3)-1

Три варијации на тема мир и гулаб

I

Толку е голем мирот на еден гулаб
што стручњаците за мир велат дека
само еден гулаб би бил доволен
за да го рашири низ земјата сиот мир
што луѓето го бараат несвесно.

II

Толку се многу гулабите на мирот
што стручњаците за гулаби велат дека
само еден мир би бил потребен
за да ги привлече сите гулаби
кои безнадежно го бараат човекот.

III

Кога мирот би се облекол како гулаб
велат стручњаците за луѓе,
само еден мир би бил доволен
за да ѝ ги подари своите крилја на земјата
и од човекот да направи гулаб.

Translated by Ana Alonso & Rei Berroa
Превод на англиски: Ана Алонзо и Реј Бероа
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
From "Son palomas pensajeras",
Quetzaltenango, Guatemala: Metáfora, 2016

ITHACA 725

Џоконда БЕЛИ, НИКАРАГВА (Gioconda BELLI, NICARAGUA)

УДК 821.134.2(728.5)-1

Како би било да те побарам во далечината?

Како би било да те побарам во далечината?
—Eunice Odio

Како би било да те побарам во далечината,
љубов, љубов што ме донесе пред влезот на дрвото,
до летот на пеперутката,
до силата, до животот,
и што по радоста
    ме донесе до тагата?
    Како би било да те побарам во далечината,
меѓу куршумите што свират покрај моите рамења,
меѓу вревата што ја создава војната и меѓу солзите?
    Како би било, љубов моја, да те побарам во времето
во широките коридори на деновите, вака неисчешлана,
боса, со оваа љубов, љубов
што се витли во мене како морето во мал аквариум?
    Како би било да те побарам во далечината, во отсутноста,
во самотијата, во оваа ништожност која злобно ужива
во мојата несигурност како напуштена жена?

    Gioconda Belli, Nicaragua
Џоконда Бели, Никарагва

Translation Germain Droogenbroodt – StanleyBarkan
Превод на англиски: Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 727

Кристоф ЈАНАКС, АВСТРИЈА (Christoph JANACS, AUSTRIA)

УДК 821.112.2(436)-1

Плачот на Галилеј

зошто би се конструирал
телескоп
што покажува
невозможни нешта?
зошто би се насочувале
очите
кон празното
небо?
човештвото не знае
да гледа
сепак, верувам
во умот
и искушението
на непознатото.
токму затоа конструирам
некорисни нешта
и мислам
на незамисливото

*Избор од тековниот проект "**Lamentationes**",*
кој ќе биде објавен од Edition Tandem во Салцбург во 2023

Превод: Жермен Дрогенброт
Translation: Germain Droogenbroodt
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska

Инес БЛАНКО, КОЛУМБИЈА (Ines BLANCO, COLUMBIA)

УДК 821.134.2(862)-1

Април

И... април дојде
со својата пролетна
светлина.

Смеејќи се како цвет
облечен во сончевина,
во боја и хармонија.

Ефемерниот април...
како црешов цут,
како трпет на колибри.

Под твојата светлина сум родена
со дожд меѓу очите;
месечината беше сведок.

Превод на англиски: Жермен Дрогенброт
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

Translation into English: Germain Droogenbroodt
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 729

Ксавиер ВИЉАУРУТИЈА, МЕКСИКО (Xavier VIL-LAURRUTIA, MEXICO)

УДК 821.134.2(72)-1

Како брод на езерото . . .

ПОПЛАДНЕТО полека минуваше
ко брод на езеро со мирни води,
на градите твои темјанушки трепереа
милувани од огнен здив.
Ти промрморев таму тебе, блиску до фонтаната,
во паркот што ги чува копнежите тајни,
„Јас сум како рудар што со почит копнее
по вените на нежната љубов твоја...”
И мирот на гранките беше прекинат,
и кога ти толку нежно рече: „Те обожавам!“
мавтање на крилја се чу над златото
од твојата плашлива и жестока глава,
се закотвија тие таа вечер, и ноќта
одеднаш го протегна своето раширено крило.

Translation Germain Droogenbroodt - Stanley Barkan
Превод на англиски: Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан

Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 730

Џао ЛИОНГ, КИНА (Zhao LIHONG, CHINA)

УДК 821.518-1

Едно старо семе од лотус и една „Ге Килн“ порцеланска тегла —

УВЕРТИРА

Една стара идеја, како старо семе од лотус
скриено во земјата илјадници години
Одеднаш, но сепак нежно се буди од студена протечна вода
и никнува една срамежлива нежна пупка
Ох, низ перипетиите на земјата
се чиниш толку позната, а сепак толку непозната
Во мигот кога паднатите лисја и цветови заминуваат со ветрот
доаѓа нов поглед на животот што плови по течението
Истото лице и истиот изглед
ништо не е променето од пред илјадници години
Тоа што е обвиткано во модерна облека
е сè уште неразвиениот скелет на телото
Во пупките и меѓу стебленцата и листовите
капките роса сјаат како во тие денови
Толпата се рои и брза во ветерот
и во дождот растенијата ги затресуваат своите глави и мавтаат
Се променило ли нешто во светот? Дали сите живи суштества на небото и на земјата сè уште ги следат старите патишта?

Превод на англиски: Џу Венбијао и Стенли Баркан
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

Translation into English: Zhou Wenbiao – Stanley Barkan
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 731

Фернандо АЛОНСО, УРУГВАЈ (Fernando ALONSO, URUGUAY)

УДК 821.134.2(899)-1

Во делириум

Ќе ме најде ноќта среде песната
    мирен
    но бесен како поет
во делириум наспроти сите умни и разумни
како да сакам да го излечам болното општество.
Ноќните птици на мојот ум
    ќе го напишат тоа на што сѐ уште не сум се сетил,
џиновските sверови на заборавот ќе му тежат на мојот мозок.
    Сигурноста нема да биде потребна
    а уште помалку несигурноста
    на тоа да се знае
    што ќе се случи утре?
    Сега
Засадувам
збор
    зелен полн со кислород.

Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод на англиски: Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан

Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
from the book: ""Furiosa Calma"

ITHACA 732

Турицур ГУЂМУНДСДОТИР, ИСЛАНД (Thuríður GUÐMUNDSDÓTTIR, ICELAND)

УДК 821.113.3-1

Војната продолжува

И војната продолжува
тие се секогаш присутни
во оваа добро позната трагедија
каде непознати актери
ги играат повеќето од главните улоги
нема Оскари
само
глад
осакатување
страдање
и смрт

Од: «Panorama de la poésie islandaise»/ Editions du Cygne, Paris 2021

Translation by Thór Stefánsson & Nicole Barriere
Превод на англиски: Тор Стефансон и Никол Бариер
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 733

Фариде ХАСАНЗАДЕ-МОСТАФИ, ИРАН (Farideh HASSANZADEH-MOSTAFI, IRAN)

УДК 821.22-1

Единствениот сведок

За Рашид

Не е тоа купот од твоите љубовни писма
во кадифените гради на спомените;
Не е тоа ракатката со цвеќе и овошјата
што дома ги носиш навечер;
Ниту златната белегзија од 18 карати
што ми ја даде на венчавката;
Единствениот сведок на нашата чиста љубов,
е оваа бледа пластична канта тешка со ѓубре,
што ја носиш до долу од четврт кат, чекор по чекор,
одбивајќи ја помошта од моите поспани раце, секоја ноќ!

Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 734

Јурген ТЕОБАЛДИ, ГЕРМАНИЈА (Jurgen THEOBALDI, GERMANY)

УДК 821.112.2-1

Еве го поздравот

За Николас Борн

Патиштата, по кои често се оди, станаа подлабоки,
широкиот насип, далечината, ништо не даваше починка.
Само болката остана, празниот здив,
твоето мирно тело, здрвено, уморно.

Зборуваше за години, зборуваше за крајни рокови,
сакаше да продолжиш и понатаму да се надеваш: лета уште две.
Ја виде куќата, двете недоправени соби,
таму, конечно, наесен би можел да пишуваш.

Првите последни денови од ноември,
тие, како последни траги, тропаат на прозорците.
Дождот капеше по голите пристапни патишта,
колите ги провнуваа светлата низ дрвјата.

Сведочат песните, твојот ракопис, гласот,
во шушкањето на лисјата уште еднаш ти: твојот сон
од слики, од ткиво, од книги. Коски.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Марија НИВЕЛА ЗАГАРЕЛА, СИЦИЛИЈА (Maria NIVEA ZAGARELLA, SICILY)

УДК 821.131.1-1

Убаво време

Спиј ми, малечко мое, мајка ти е тука за да те утеши
Бурата ја обели ноќта со молскавица
а темната магла го ослепува умот
но срцето ја знае последната магија
и тревата расте...
розите цутат,
слатката утринска роса ги везе цветовите портокал
и ја стимулира душата
Те израснав од море, светлина и убавина,
морето е лулка, ветерот
е мојот здив…

Превод на англиски: Гаетано Чипола
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

English translation by Gaetano Cipolla
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 737

Луиз КРУЗ ВИЉАЛОБОС, ЧИЛЕ (Luis CRUZ VILLALOBOS, CHILE)

УДК 821.134.2(83)-1

Мислења за животот

Животот е бавна меланхолија за тоа што ни недостасува и за тоа
што повеќе не постои и никогаш нема да се врати
Тоа е одложена смиреност што ги бакнува нашите очи пред
да заспиеме и пред да се разбудиме.
Животот го опкружува нашето лошо и нашето добро
како тоа да е ненадејна експлозија
Доаѓа меѓу облаците прав и се наведнува кон нас доволно блиску
за да ни каже дека сè ќе помине, но дека ништо во суштина
не поминува
Животот чекори на клавишите од чембалото
или на жиците од виолончелото
и ни пее барокна песна за нè убеди
дека е полн со убави детали

Животот чекори покрај нас или ни угодува
таму каде што најмногу нè погодува
Не ни дозволува да се оддалечиме од тоа што е важно
иако на крај завршуваме како изгубени.

Превод: Марк Мекгроу (на англиски),
Даниела Андоновска-Трајковска (на македонски)
Translated by Mark McGraw (in English)/
Daniela Andonovska-Trajkovska (in Macedonian)

ITHACA 738

Содржина

ПРЕДГОВОР 5

ПОЕЗИЈА **7**
Раде СИЉАН 9
Што ќе речат нашите внуци 9
Никола МАЏИРОВ 12
Две месечини 12
Никола ИЛИЈОВСКИ 15
Извадок од „Премолчено пладне“ 15
Петар НАНЕВСКИ 18
Време што трае 18
Трајче КАЦАРОВ 21
Голиот живот (извадок) 21
Гордана СТОЈАНОСКА 24
Синот на перото 24
Зоран ПЕЈКОВСКИ 27
Седмиот ден 27
Звонко ТАНЕСКИ 30
Отпушоците ќе станат преку ноќ нови цигари 30
Томе ВЕЛКОВ 31
Мисли 31
Михајло СВИДЕРСКИ 34
Лице 34
Елизабета ЈОНЧИЌ 36
Трпеливост 36
Адем АБДУЛАХУ 39
Копнеж по далечината 39
Божин АНДОНОВСКИ 42
Со моите очи урокливо се погледнав 42
Ангела ФИЛОВСКА 44
Мрачна тага 44

ПРОЗА **45**
Димитрие ДУРАЦОВСКИ 47
Мебиусова лента 47
Петре ДИМОВСКИ 51
Само една идеја 51
Јована МАТЕВСКА АТАНАСОВА 57
Ампутација 57

Гордана ЈОВИЌ-СТОЈКОВСКА 62
Извадок од романот „Денот кога го изедовме Бога“ 62
Славица ДАБЕВСКА ЌИРОВСКА 66
Велики петок 66
Габриела СТОЈАНОСКА-СТАНОЕСКА 68
Јануари, новиот почеток... 68
Христо ПЕТРЕСКИ 71
Зошто кучињата не ги избираат своите господари 71
Никола КОЧОВСКИ 74
Зима како торта 74

ДРАМА 77
Марјан АНЃЕЛОВСКИ 79
„Го силувавме ежот“ (фрагмент) 79

СОГЛЕДБИ 85
Васил ТОЦИНОВСКИ 87
Книжевно-критички вреднувања 87
Милица ДИМИТРИОЈОВСКА РАДЕВСКА 91
Кристалниот трепет во „Премолчено пладне“ на Никола Илијовски 91
Златко ЖОГЛЕВ 95
Поетската светлина, љубовта и слободата: осврт кон поетската книга “Крвта и розата” од Виктор Радун Теон 95
Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА 104
Вдахновена философско-етичка интерпретација на вредносното во егзистенцијалното (за книгата „Пеш по воздушна линија“ од Даниела Андоновска-Трајковска, Книгоиздателство Ми-Ан, Скопје, 2021 г.) .. 104
Бобан РИСТЕВСКИ 107
Во светот на митовите и на митологијата (Кон книгата *Митови, фигури, книжевност, култура* од Маја Бојациевска; Скопје: Сигмапрес; 2018) 107
Лила МОРОЗ-ГЖЕЛАК, Набита СУБИОТО и Марија БАТОРОВА 109
Славистичките синтези на Звонко Танески 109
Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА 113
Севременото време и морето во „Глочка школка“ од Борче Панов 113

КНИЖЕВЕН МОЗАИК 117
Жоел ВЕРНЕ, ФРАНЦИЈА (Joël VERNET, FRANCE) 119
Струготини од надвор 119
Су СИНГ СИЧУАН, КИНА (Xu XING SICHUAN, CHINA) 123
Родниот град во песната 123
Константин СЕВЕРИН, РОМАНИЈА (Constantin SEVERIN, ROMANIA) 125
Ќе бидеш слободен само во универзумот на јазикот 125

Жарко МИЛЕНИЌ, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА (Zharko MILENIKJ, BOSNIA AND HEREGOVINA) 127
Капа 127
Катја ЕРМЕНКОВА, БУГАРИЈА 129
Бели рози 129
Весела ЧОБАНОВА, БУГАРИЈА (Vesela CHOBANOVA, BULGARIA) . 132
Морски песок 132
Антје СТЕН, ГЕРМАНИЈА – ИТАЛИЈА (Antje STEHN, DEUTCHLAND – ITALY) 135
Демонот на Сократ и Кант 135
Сабрина ДЕ КАНИО, ИТАЛИЈА (Sabrina DE CANIO, ITALY) 137
Леб 137
Елизабета БАЉИ ИТАЛИЈА-ШПАНИЈА (Elisabetta BAGLI, ITALY – SPAIN) 139
Праизвор 139
Лидија ЧИЈАРЕЛИ, ИТАЛИЈА (Lidia CHIARELLI, ITALY) 141
Мојот течен свет 141
Глорија МИНДОК, САД (Gloria MINDOCK, USA) 143
Превез 143
Хани РУВЕЛЕР, ХОЛАНДИЈА (Hannie ROUWELER, NETHERLANDS) 145
Поетска недела од 28 јануари до 3 февруари 2021 145
Санкар САРКАР, ЗАПАДЕН БЕНГАЛ, ИНДИЈА (Sankar SARKAR, WEST BENGAL, INDIA) 146
Песна за вакуумот 146
Олга ЛАЛИЌ-КРОВИЦКА, ПОЛСКА (Olga LALIĆ-KROWICKA, POLAND) . 148
*** 148
Алицја МАРИЈА КУБЕРСКА, ПОЛСКА (Alicja MARIA KUBERSKA, POLAND) 150
Зора 150
Ева РАДОМСКА, ПОЛСКА (Eva RADOMSKA, POLAND) 152
Мајка и ќерка 152
Билјана МИЛОВАНОВИЌ ЖИВАК, СРБИЈА (Biljana MILOVANOVIKJ ZHIVAK, SERBIA) 154
Ти, меѓутоа 154
Лабуд ЛОНЧАР, ЦРНА ГОРА (Labud LONCHAR, MONTENEGRO) 156
Некои утра доаѓаат така 156
Хакија КАРИЌ, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА (Hakija KARICH, BOSNIA AND HERZEGOVINA) 159
Рацете на тато 159
Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА-ШПАНИЈА (Germain DROOGENBROODT, BELGIUM – SPAIN) 160
Без услишение 160

Агрон ШЕЛЕ, АЛБАНИЈА – БЕЛГИЈА (Agron SHELE, ALBANIA – BELGIUM) 163
Расцутија пупките 163
Ирма КУРТИ, АЛБАНИЈА-ИТАЛИЈА (Irma KURTI, ALBANIA-ITALY)..... 164
Самотија..... 164
Тарас ШЕВЧЕНКО, УКРАИНА (Taras SHEVCHENKO, UKRAINE) 165
Тестамент..... 165
Табасум ТАМИНА ШАГУФТА ХУСЕИН, БАНГЛАДЕШ (Tabassum TAHMINA SHAGUFTA HUSSEIN, BANGLADESH)..... 166
Слободни ли сме како пеперутки?..... 166
Мигел ХЕРНАНДЕЗ, ШПАНИЈА (Miguel HERNANDEZ, SPAIN)..... 167
Прва песна 167
Реј БЕРОА, ДОМИНИКАНСКА РЕПУБЛИКА – САД (Rei BERROA, DOMINICAN REPUBLIC – USA) 168
Три варијации на тема мир и гулаб 168
Џоконда БЕЛИ, НИКАРАГВА (Gioconda BELLI, NICARAGUA)..... 169
Како би било да те побарам во далечината? 169
Кристоф ЈАНАКС, АВСТРИЈА (Christoph JANACS, AUSTRIA) 170
Плачот на Галилеј 170
Инес БЛАНКО, КОЛУМБИЈА (Ines BLANCO, COLUMBIA) 171
Април 171
Ксавиер ВИЉАУРУТИЈА, МЕКСИКО (Xavier VILLAURRUTIA, MEXICO)... 172
Како брод на езерото 172
Џао ЛИОНГ, КИНА (Zhao LIHONG, CHINA)..... 173
Едно старо семе од лотус и една „Ге Килн“ порцеланска тегла — 173
Фернандо АЛОНСО, УРУГВАЈ (Fernando ALONSO, URUGUAY) 174
Во делириум 174
Турицур ГУЏМУНДСДОТИР, ИСЛАНД (Thurríður GUÐMUNDSDÓTTIR, ICELAND)..... 175
Војната продолжува 175
Фариде ХАСАНЗАДЕ-МОСТАФИ, ИРАН (Farideh HASSANZADEH-MOSTAFI, IRAN) 176
Единствениот сведок 176
Јурген ТЕОБАЛДИ, ГЕРМАНИЈА (Jurgen THEOBALDI, GERMANY)... 177
Еве го поздравот..... 177
Марија НИВЕЛА ЗАГАРЕЛА, СИЦИЛИЈА (Maria NIVEA ZAGARELLA, SICILY) 178
Убаво време 178
Луиз КРУЗ ВИЉАЛОБОС, ЧИЛЕ (Luis CRUZ VILLALOBOS, CHILE) . 179
Мислења за животот 179

РАСТ – Списание за книжевност, уметност и култура
бр. 26/ 2022

Издавач: Битолски книжевен круг – Битола
Ул. „Ленинова“ бб, 7000 Битоа
Жиро-сметка: 500000000616559
Даночен број: 4002008505311
Депонентна банка: Стопанска банка а.д. Битола
www.bkk-pisateli.mk

За издавачот:
Елизабета Јончиќ, претседател

Лектор:
проф. д-р Трајко Огненовски

Компјутерска обработка:
Даниела Андоновска-Трајковска

Дизајн на корица:
Даниела Андоновска-Трајковска
Весна Мундишевска-Велјановска

Слика за корица:
Симонида Филипова Китановска

Печати:
„Индиго Хаб“ – Скопје, ул. „Извор“, бр. 3 Скопје

Тираж:
300 примероци

Битола, јуни 2022 г.

Прилозите се испраќаат на електронската адреса на списанието
rastbkk@gmail.com со фонт Times New Roman со кирилична поддршка,
големина 12 и единечен проред.

ISSN 1409–9330 **УДК 82+7+008**

PACT

26

ISSN 1409-9330